# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

2021-2025

Делчево, Април 2021

**СОДРЖИНА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**


ВОВЕД 3

ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 4

1. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП 53

2. СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ (ЦЕЛИ) НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 54

3. ПРИРОДНИ РЕТКОСТИ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 58

3.1 РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КИСЕЛИЧКА ПЕШТЕРА ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ 58

3.2 РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПАЛЕОНТОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ - СТАМЕР ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ 58

3.3 РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КАРАКТЕРИСТИЧЕН ГЕОЛОШКИ ПРОФИЛ - ЗВЕГОР ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ 59

4. ПРИНЦИПИ НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ 60

4.1 ОСНОВНИ АКТИВНОСТИ НА ПРОЦЕСОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА 61

4.2 УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ 62

4.3 SWOT АНАЛИЗА ЗА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 63

5. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 65

5.1 ВИЗИЈА 65

5.2 МИСИЈА 65

5.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 65

6. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА 66

9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ 68

10. ПРИЛОГ: АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 68

# ВОВЕД

**Обраќање на градоначалник за Стратегија за ЛЕР 2020-2025**

Почитувани,

Како одговорна и лојална на граѓаните локална власт, посветени сме на локалниот економски развој на нашата општина кој треба да донесе подобар квалитет на животот на нашите граѓани. Визијата за развојот на нашето Делчево во наредните 5 години е Општина Делчево да прерасне во атрактивно место за живеење, да е иницијатор и промотор на севкупниот економски раст и да нуди добра бизнис - клима со одлични услови за одржлив социоекономски туристички и културен развој.

Оваа визија за локалниот економски развој на Делчево за периодот од 5 години, односно од 2020 до 2025 година е инкорпорирана во новиот стратешки документ со кој Општина Делчево продолжува стратешки да пристапува кон локалниот економски развој. Тоа значи дека Општина Делчево продолжува со имплементација на инструментот кој обезбедува социјално одговорен развој при тоа заштитувајќи ја базата на ресурси и животната околина во насока на корист на идните генерации.

Планирањето на одржливиот развој претставува процес со огромни предизвици, а конкретно стратешкото планирање на ЛЕР се користи за да се зајакне капацитетот на локалната економија, да придонесе за подобрувањето на инвестициската клима, подобрувањето на продуктивноста и конкурентноста на локалните бизниси, претприемачите и работниците. Тоа треба да донесе подобрување на квалитетот на животот, да создаде нови економски можности и да се бори против сиромаштијата.

Општина Делчево во својата определба е недвосмислена да изгради стратегија за локален економски развој која почива на принципите на одржливост.

Затоа, овој стратешки документ за нашата Општина има огромно значење. Документот нуди рамка за развој на нашата Општина во секоја смисла на зборот. Во оваа прилика изразувам голема благодарност до НВО Регионален центар за застапување од Делчево кои излегоа пресрет на потребите на Општината вклучувајќи ги сите свои ресурси, за Делчево да добие квалитетен стратешки документ за ЛЕР. Нам ни останува клучната работа - без исклучок, имплементација на сегментите нотирани во Стратегијата за да ја оствариме нашата мисија Општина Делчево транспарентна општина со ефикасен и ефективен сервис за граѓаните, со услови за квалитетен, безбеден и социоекономски живот.

**Со почит,**

**Градоначалник на Општина Делчево, Горан Трајковски**



**ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

# 2021-2025 ГОДИНА

**Делчево, декември 2020 година**

**Визија:** Општина Делчево атрактивно место за живеење, иницијатаор и промотор на севкупниот економски раст и добра бизнис клима, со одлични услови за одржлив социо-економски туристички и културен развој.

**Мисија:** Општина Делчево, транспарентна општина со ефикасен и ефективен сервис за граѓаните, со услови за квалитетен и безбеден социо - економски живот.

**ПРОФИЛ НА ГРАДОТ :**

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка -1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10 км.  На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница.  Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: $41^{0}$ 58’ северна географска ширина и $22^{0}$ 46’ источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија („Службен весник“бр.55/04 и неговите измени) и Листата на рурални подрачја и рурални населени места во Република Македонија („Службен весник “бр.89/2011), општина Делчево е класифицирана како рурална општина.




*Сл.1 Делчево на мапата на Република Македонија*

Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи  на еден многу важен крстопат преку кој во напоредннчки правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна**.** Општина Делчево има добри сообраќајни врски бидејќи магистралниот пат А3 Делчево-граничен премин со Република Бугарија минува низ неа, а со сообраќајниот систем на државата општината се поврзува преку неколку регионални патишта:

**Р1302**  Делчево (врска со А3) – Пехчево – Берово – Дабиле (врска со А4);

**Р2341** Делчево  (врска со А3) – Габрово-граничен премин со Република Бугарија;

**Р2343** Делчево (врска со А3) – Голак;

**Р2345** врска со А3 – Бигла – Трсино - врска со Р1304;

**Р2346** Работиите – (врска со Р1302) – Разловци – Митрашинци – (врска со Р1304).

Подрачјето на општина Делчево во смисла на урбанизација е покриена со генерални и детални урбанистички планови, урбанистика документација за населени места и општ акт за селата. Со донесувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање во 2005 година се јави потреба за усогласување и измена на урбанистичките планови, согласно Законот и според тоа за селата треба да се донесат урбанистички планови за села. За градот Делчево во 1999 година е донесен ГУП со период на плански развој од 1997 до 2010 година и со него се регулира, планира и дефинира просторниот развој, организацијата и уредувањето на градот, границите на урбанистичкиот опфат, намената на површините и содржините на истите со зонирање со површина на урбан опфат од 403,78ха.

**ИСТОРИЈАТ**

Пределот на Пијанец има богато историско минато со археолошки остатоци кои потекнуваат од неолитскиот период (во околината на Габрово, Драмче, Ѕвегор, Град и др.), од халдштатскиот период (во Бигла, Драмче и околината на Делчево), што го покажува и постоењето на римски пат кој водел од Осогово, по десниот брег на реката Брегалница до селото Тработивиште, кој го поврзувал овој регион преку Малешевијата со Солун. Уште една значајна римска комуникација поминувала низ овој регион: патот водел од римскиот град Астибо (Штип), преку Виница и Бигла, поминувајќи ја реката Брегалница кај селото Очипала, понатаму преку селото Киселица и Црна Скала водел за римскиот град Пауталија (Ќустендил). Овој пат се поврзувал со патот Виа Игнација, поврзувајќи ги Драч и Солун.

Постојат поголем број на римски градишта каде се најдени бројни археолошки предмети во населбите Ѕвегор, Град, Илиово и др. Најдоминантна населба е откриена во селото Град, каде постои поголем хронолошки континуитет на живеење со регистрирани повеќе локалитети во овој регион. Најновите истражувања во оваа населба говорат за постоење на праисториска населба и утврдување од доцноантичкиот и средновековниот период.

Постојат неколку толкувања за потеклото на името Пијанец. Во овој предел доминирало одгледувањето на сливите и печењето на ракија, како и нејзиното пиење. Понатаму постои народно верување за примената на растението *пијанец*, кое имало халуцинирачки својства, растело меѓу пченицата, а од неговото брашно се успивале луѓето. Додека научните толкувања го поврзуваат името со старобалканското племе Пеонци, како и за постоењето на средновековен град со ова име, но сепак оваа теорија сè уште не е докажана. Во повелбата на Василие Втори Пијанец се спомнува како место приклучено кон Византија, а кое припаѓало под епископот во Мородвис. Подоцна Пијанец потпаѓа под Бугарската, а веднаш потоа под Српската средновековната држава. Со продорот на Турците на Балканот, Пијанец станува дел од Ќустендилскиот санџак. Најбројното населено место во Пијанец (Делчево) во византиско време го носело името Василево, според Византискиот цар Василиј. Прв пат под ова име се споменува во една од повелбите на Цар Душан, од 1347-1350 година, како село во Пијанец, со црква Св Никола во близината и црква Св Богородица на Бреагалница. Во 1904 година силен земјотрес сосема го раурнал Василево и доселениците од разурнатото Василево се населиле во Горно маало, на ритчето (Чуката) спроти вливот на реката Габровчица, каде го подигнале ново Василево и црквата Св. Богородица (денешната градска црква). Турците се населуваат во таканареченото Средно маало и во тоа време Василево било со развиено сточарство и сливарство. Како централно место на патот кон Струма, во 1671 година Василево го посетил султанот Мехмед IV, кој на Турците им изградил џамија во Средно или Турско маало. Посетата на Мехмед IV го поттикнало македонското население кон позабрзано и помасовно примање на исламот, по што истото почнало брзо да се зголемува со доселување на исламизирано население. Во знак на благодарност на султанот за изградбата на џамијата и посетата, жителите го нарекле Василево (*Султание).*



*Сл.2 Царево село на почеток од 20 век*

Во 18 и 19 век Царево Село било селска населба со Турци, Македонци и Торбеши, при што најбројни биле Торбешите. Во средината на 19 век во Царево Село, во Горно маало се доселуваат Македонци од долината на Струма, кои како занаетчии ја формирале чаршијата. Во Долно маало се населиле Власи - сточари од Западна Македонија, кои ги терале овците на пасење на падините на Голак. Голем број Маџири - Турци од Северна Бугарија се населиле во Долно маало, по кои и денеска овој дел се вика Маџир маало. По ослободувањето на Бугарија, во Царево Село се доселуваат и македонски родови од Ќустендилско, кои биле трговци, занаетчии и земјоделци. Тогаш Царево Село имало 1610 жители и почнало да личи на гратче со чаршија и пазар. На крајот на 19 век во Царево Село имало 220 турски и 80 македонски куќи, со претежно земјоделско население.

По Балканските војни Царево Село стагнира, поради поставувањето на државната граница кон Бугарија. Со новата територијална поделба, Царево Село станува околиско место, со што почнува да се развива во стопански центар за Пијанец. Меѓу двете светски војни бројот на населението расте со намалено темпо и Царево Село почнува да се развива десно од Брегалница. По Втората светска војна, со новонастанатите општествени услови во нашата земја, Царево Село на 01.05.1950 година, по четврти пат во својата историја го менува името во Делчево во чест на големиот револуционер и идеолог Гоце Делчев. Брзиот стопански развој на земјата влијаеше на подемот на индустријата која го потисна занаетчиството и денес Делчево е модерена градска населба со широко асфалтирани улици и булевари, решена канализациона и водоводна мрежа и со паркови и зеленило.

**НАСЕЛЕНИЕ**

Според Пописот во 2002 година во општина Делчево живеат 17.505 жители, од кои 11.536 или 66% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км2. Иако за релевантни и клучни податоци во поглед на бројот на население и неговата структура се зема последниот попис спроведен во државата во 2002 година, сепак Државниот завод за статистика периодично прави статистички процени во сите области. Податоците кои се содржани во оваа стратегија се најново објавените од страна на ДЗС во периодот од 2018-2020 година, согласно ажурираноста. Вкупниот број на население согласно проценката од 2018 година изнесува 15 987, а и понатаму мажите се во најголем процент во општината согласно половата структура.

**Вкупно население на територијата на Општина Делчево - 15 987 жители (2018)**

**Мажи - 8 082**

**Жени - 7 905**

*Графички приказ 1. Извор: статистичка проценка на ДЗС од 2018 година*

**ЖИТЕЛИ ПО НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

Административно гледано, градот Делчево е седиште на општината Делчево која има уште 22 населени места. Бројот на жители веднаш по градот е најдоминантен во населеното место Разловци каде има 831 жител, а најмалкубројно во населеното место Косово Дабје каде има 21 жител.

| | Населено место | Број на жители |
|---|---|---|
| **1** | **Делчево** | **11536** |
| 2 | Бигла | 275 |
| 3 | Ветрен | 114 |
| 4 | Вирче | 494 |
| 5 | Вратиславци | 36 |
| 6 | Габрово | 799 |
| 7 | Град | 529 |
| 8 | Драмче | 277 |
| 9 | Ѕвегор | 882 |
| 10 | Илиово | 127 |
| 11 | Киселица | 35 |
| 12 | Косово Дабје | 21 |
| 13 | Нов Истевник | 138 |
| 14 | Очипала | 92 |
| 15 | Полето | 194 |
| 16 | Разловци | 831 |
| 17 | Селник | 27 |
| 18 | Стар Истевник | 67 |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Тработивиште | 530 |
| 20 | Турија | 103 |
| 21 | Чифлик | 53 |
| 22 | Стамер | 345 |
| | **Вкупно:** | **17505** |
| | **Домаќинства** | **5568** |
| | **Просечен број на членови на домаќинства** | **3,1** |
| | **Станови(сите видови на живеалишта)** | **7163** |

*Табела 1. Број на население по населени места и број на домаќинства (ДЗС, попис 2002)*

| | Драмче | Турија | Чифлик | Очипала | Разловци | Тработивиште | Нов Истевник | Стар Истевник | Вирче | Град | Стамер | Звегор | Габрово | Бигла | Ветрен | Илиово | Први реон | Втори реон | Трети реон | Стар расадник | Ново Делчево | Басарица | Звегорска река | Милково брдо |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Население во опслужено домување | 55 | 8 | 24 | 55 | 320 | 240 | 170 | 56 | 90 | 145 | 108 | 450 | 260 | 80 | 30 | 15 | 550 | 500 | 340 | 190 | 650 | 120 | 140 | 350 |
| Население во недоволно опслужено домување | 40 | 3 | 8 | 25 | 60 | 15 | 11 | 13 | 20 | 16 | 7 | 15 | 18 | 16 | 22 | 8 | 6 | 7 | 8 | 40 | 10 | 30 | 12 | 15 |
| Население во нерегуларно домување | 5 | 2 | 5 | 7 | 20 | 30 | 3 | 3 | 5 | 4 | 3 | 2 | 4 | 8 | 18 | 4 | 1 | 2 | 18 | 5 | 1 | 30 | 20 | 2 |
| Вкупно население | 100 | 13 | 37 | 87 | 500 | 300 | 318 | 144 | 150 | 250 | 380 | 800 | 400 | 150 | 139 | 38 | 1100 | 650 | 770 | 300 | 1500 | 200 | 203 | 5600 |

*Табела 2. Население по населби во Општина Делчево*

- <u>под население во опслужено домување се подразбира населеното место и граѓаните кои имаат целосен пристап до инфраструктурни објекти и комунални услуги како: пат, вода, канализација, телефон, училишта, болница собирање на отпад.</u>
- <u>под население во недоволно опслужено домување се подразбира населеното место и граѓаните кои имаат пристап до одредена или нецелосна понуда од инфраструктура и комунални услуги како: пат, вода, канализација.</u>
- <u>под население во нерегуларно домувањесе подразбира населеното место и граѓаните кои имаат до 10% односно слаба или воопшто немаат инфраструктура и комунални услуги.</u>

**Возраст**

| **2018** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **0** | **1-2** | **3-4** | **5-6** | **7-9** | **10-14** | **15-19** | **20-24** | **25-27** | **28-29** | **30-34** | **35-39** | **40-44** | **45-49** | **50-54** | **55-59** | **60-64** | **65-69** | **70-74** | **75-79** | **80+** |
| 112 | 246 | 246 | 265 | 435 | 763 | 820 | 957 | 636 | 471 | 1 177 | 1 180 | 1 123 | 1 127 | 1 229 | 1 253 | 1 202 | 1 063 | 791 | 472 | 419 |

Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, најмногу доминира населението на возраст од 55 до 59 години, додека најмалку бројна е популацијата до деветгодишна возраст.

**Етничка припадност**

Согласно етничка припадност на населението , Македонците се во најголем процент додека Власите во најмал. 49 лица не ја истакнале својата етничка припадност.




*Графички приказ 2 . Етничка припадност на населението во Општина Делчево, ДЗС 2019*

Во 2018 година во Делчево се склучени 91, а разведени се 20 бракови, на 1000 жители стапката на склучени бракови изнесува 5.7, а на разведени 1.3. Попрактично објаснето, ова значи дека од вкупно 1000 склучени бракови, 219 завршуваат со развод.

Во поглед на фертилитетот односно живородени деца на една жена бројката од истата година (2018) изнесува 109 или тоа значи 6.8 на 1000 жители. Податоците за морталитет и за смртност кај доенчиња изнесуваат 189 лица односно 2 мртвородени деца, на 1000 жители, морталитетот на населението изнесува 11.8, додека на мртвородени деца 18.3 што е загрижувачка вредност.

Стапката на наталитетот од истата година изнесува 10.3 живородени на 1000 жители додека природниот прираст стапката изнесува 0.8 на 1000 жители.

Општина Делчево доделува еднократна парична помош за секое новороденче со место на живеење во општината од 3.000 денари.




*Графички приказ 3. Процент на склучени и разведени бракови (2019)*




*Графички приказ 4. Живородени и мртвородени деца и морталитет (2019)*




*Графички приказ 4 . Стапки на наталитет и природен прираст во Општина Делчево на 1000 жители (2019)*

Стапката на писменост изнесува 96,9%. Образовната структура на вкупното население во општина Делчево изнесува: Високо образование 746, Вишо 490, Средно 5499, Основно 4836, непотполно основно 2237, без школска подготовка 594, сè уште во процесот на основно образование 13. (Извор: Државен Завод за Статистика, Попис 2002)

**Миграции**

Согласно последните статистички процени на ДЗС во 2018 во Делчево има вкупно 44 доселени лица. Од нив 11 се мажи, а 33 жени. Од оваа вкупна бројка 9 лица се доселени од странски држави додека остатокот од други населени места (градови и села) во Македонија. Според нивото на образование на овие лица, најмногу од нив, односно 26 се со средно образование, 9 се со високо образование, 5 со завршено основно училиште, 2 со магистратура и еден без образование. Доселените лица се генерално од ромска етничка припадност, повеќето се припаднички на женскиот пол, а нивната средна возраст е 36 години. Со овие бројки не се предизвикува некоја дрстична промена во профилот на населението во општината, како во поглед на активната работна сила така и во поглед на образовните кадри.

Во истиот овој период во Делчево се отселени се вкупно 91 лице, меѓу нив има еден доктор на науки, четири магистри, 26 со високо и средно образование , 10 со основно, двајца со вишо образование, 5 со неотполно основно образование и двајца без образование. Отселените лица се најмногу од Македонската етничка заедница и се мажи, додека просечната ворзаст на отселени лица е 20 години. Овие бројки укажуваат на отселување на генерално млада популација со исклучиво високо образование која како активна и работоспособна група најмногу може да придонесе за развој на општината.

Со овие бројки миграционото салдо на општината изнесува -47. Како најчести прични за доселување се споменуваат семејни причини, стапување во брак, а најмалку поради работа. Додека како причини за отселувањето на граѓаните се наведени стапувањето во брак и семејните причини.

| 2018 | **Доселени** | | | **Отселени** |
|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **мажи** | **жени** | **вкупно** |
| **Делчево** | 44 | 11 | 33 | 91 |

*Табела 4: Доселени и отселени лица во Делчево, извор ДЗС 2018*

## ПРИРОДНИ РЕСУРСИ

### Клима

Климата во општина Делчево е источноевропска со модифициран плувиометарски режим. Според метеоролошките податоци во Делчево просечната годишна температура на воздухот изнесува 10,7°C со апсолутен минимум од -26,7°C и апсолутен максимум до 37°C, додека на планините просечната годишна температура паѓа до 3,5°C. Најтопол месец е август со просечна температура 21,6°C, додека најстудени месеци е јануари со просечна температура 0,1°C. Облачноста и магливоста не е голема, така што во годината доминираат сончеви и ведри денови. Просечниот број на врнежливи денови во текот на годината изнесува 71, просечна годишна количина на врнежи од 548 mm. Врнежите иако се релативно ниски, нивниот распоред во вегетациониот период (април – септември) е поволен и изнесува над 50% од вкупните годишни врнежи. Вегетациониот период со температура над 10°C трае 191 ден во текот на годината.

| | | |
|---|---|---|
| **Просечната годишна температура на воздухот** | | **10,7° C** |
| **Најтопол месец** | **Август** | **21,6° C** |
| **Најстудени месеци** | **Јануари**<br>**Февруари**<br>**Декември** | **0,1° C**<br>**0,4° C**<br>**2,6° C** |
| **Апсолутен минимум** | | **-26,7° C** |
| **Апсолутен максимум** | | **37° C** |

*Табела 5. Клима во Делчево, извор Управа за хидрометеоролошки работи*

### Релјеф и почва

Релјефот во општина Делчево е сложен и е создаден од тектонски движења и е застапен со 4 релјефни форми кои се разликуваат по старост, надморска височина, геолошки состав, хидролошки услови, вегетација и различни почви. Претежно е ридско – планински, а низинските делови се главно распространети по течението на река Брегалница. Релјефот во општината е со следната структура: Низински 600 – 750 метри (по текот на река Брегалница и долните теченија на нејзините притоки), Ридско – планински 750 – 900 метри (источниот и североисточниот дел на општината) и Планински над 900 метри (западно од река Брегалница, планините Обозна и Голак). Според педолошката карта, во реонот на општина Делчево се издвојуваат 12 посебни почвени типови. Како доминантни се утврдени ригосол, ранкери, кафеави шумски почви, циметно шумски почви и лесивирани. Врз основа на агропроизводните способности, почвите се групирани во 7 бонитетни класи, од алувијалните, смолниците, делувијалните и лесивираните. Направена е тест сондажа на почвата на сите поголеми и позначајни локалитети во општина Делчево за испитување на нивната киселост и базичност (длабочина од 0-30 cm и од 30-60 cm).

| Вид | Надморска висина | Територија |
|---|---|---|
| Низински | 600 – 750 метри | По текот на река Брегалница и долните теченија на нејзините притоки |
| Ридско - планински | 750 – 900 метри | Источниот и североисточниот дел на општината |
| Планински | Над 900 метри | Западно од река Брегалница, планините Обозна и Голак |

*Табела 6. Педолошки податоци за Делчево Извор: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство 2015*

Според педолошката карта, во реонот на општина Делчево се издвојуваат 12 посебни почвени типови. Како доминантни се утврдени ригосол, ранкери, кафеави шумски почви, циметно шумски почви и лесивирани.

Врз основа на агропроизводните способности, почвите се групирани во 7 бонитетни класи, од алувијалните, смолниците, делувијалните и лесивираните.

Направена е тест сондажа на почвата на сите поголеми и позначајни локалитети во општина Делчево за испитување на нивната киселост и базичност (длабочина од 0-30см и од 30-60см).

**Резултати од хемиски анализи на почвата во регионот на Делчево**

| ***Место*** | ***Длабочина (см)*** | ***pH*** | | ***CaCO3 %*** |
|---|---|---|---|---|
| | | ***H2O*** | ***во n KCl*** | |
| Киселица | 0-30<br>30-60 | 6,3<br>7,0 | 5,6<br>5,1 | / |
| Бигла л.Крзно | 0-30<br>30-60 | 6,3<br>6,8 | 4,9<br>5,7 | / |
| Илиово | 0-30<br>30-60 | 6,6<br>6,8 | 4,8<br>5,6 | / |
| Ѕвегор | 0-30<br>30-60 | 6,3<br>6,4 | 5,0<br>5,1 | / |
| Разловци л.Долно Поле | 0-30<br>30-60 | 6,5<br>6,8 | 5,2<br>5,5 | / |
| Тработивиште Манчево Поле | 0-30<br>30-60 | 6,5<br>7,1 | 5,1<br>6,0 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стамер,<br>л. Монопол. Пумпа | 0-30<br>30-60 | 8,1<br>8,4 | 7,1<br>7,2 | 14<br>20 |
| Драмче<br>л. Десеток | 0-30<br>30-60 | 8,0<br>8,0 | 6,9<br>6,8 | / |
| Вирче | 0-30<br>30-60 | 7,9<br>7,4 | 6,8<br>6,6 | / |
| ЗИКСандански<br>л. Попово Гумно | 0-30<br>30-60 | 8,1<br>8,3 | 6,9<br>7,0 | 9,4<br>12,9 |
| ЗИКСандански<br>л. Кула | 0-30<br>30-60 | 7,8<br>7,4 | 6,1<br>5,9 | / |
| ЗИКСандански<br>л. Над пат | 0-30<br>30-60 | 7,0<br>7,0 | 5,2<br>5,4 | / |
| Црвена Река 2 | 0-30<br>30-60 | 8,0<br>8,3 | 6,7<br>6,8 | 1,0<br>1,2 |
| Делчево<br>л. Црвена Река 1 | 0-30<br>30-60 | 8,1<br>8,2 | 7,0<br>7,0 | / |
| Град<br>л. Киселник | 0-30<br>30-60 | 8,2<br>8,2 | 6,9<br>6,8 | 3,7<br>2,1 |
| Град<br>л. Грудино Блато | 0-30<br>30-60 | 8,1<br>8,1 | 6,5<br>6,4 | / |
| Град<br>л. Студено Поле | 0-30<br>30-60 | 8,1<br>8,3 | 6,7<br>7,0 | 1,5<br>16,0 |
| Град<br>л. К.О.Стамер | 0-30<br>30-60 | 7,1<br>6,5 | 5,4<br>4,9 | / |
| Истевник<br>л. Дошница | 0-30<br>30-60 | 8,1<br>8,2 | 6,9<br>6,9 | 5,6<br>2,8 |
| Нов Истевник<br>л. Мокра Ливада | 0-30<br>30-60 | 7,5<br>7,5 | 5,6<br>5,8 | / |
| Истевник<br>л. Селиште | 0-30<br>30-60 | 8,2<br>8,2 | 6,9<br>6,8 | 1,05<br>0,56 |

*Табела 7. Извор: Проф. Д-р В. Трпески и сораб., 2001*

**Хидрографија**

Главна водена артерија на општина Делчево е реката Брегалница, која е и најголема притока на реката Вардар. Десни притоки на реката Брегалница се: Желевица, Даштица, Репница, Граштица, Ѕвегорска Река и Габровчица. Леви притоки се: Лошана, Петрашевец и Чифличка река. Вкупната површина на сливот на река Брегалница изнесува 742,5 $km^2$, со просечна надморска височина на сливот 1000 m. Средногодишниот проток на профилот кај Разловци изнесува 6,3 $m^3/s$. Вкупниот годишен просечен проток на Брегалница на профилот „Калиманци" изнесува 264 000 000 $m^3$. Значаен потенцијален хидрографски објект во општината е брана Лошана, со зафатнина од 1 400 000 $m^3$ вода, кај селото Разловци која е во завршна фаза и од оваа година ќе започне нејзиното полнење. Оваа акумулација главно ќе се користи за комплетно решавање на проблемот на водоснабдување во општина Делчево, а дел и за наводнување на Делчевското поле (300 ha). Друг значаен изграден хидрографски објект во општината претставува акумулација Петрашевец со зафатнина од 180 000 $m^3$ вода, која се користи за наводнување на обработливите површини низводно од Браната.

| ***Профил*** | ***Водотек*** | ***Површина на слив(км2)*** | ***Зафатнина на акумулација (м3)*** |
|---|---|---|---|
| Чукар | Желевица | 90 | 20 000 000 |
| Град | Пијавица | 9 | 120 000 |
| Ѕвегор | Ѕвегорска | 10 | 600 000 |
| Бела Вода | Габровска | 22 | 550 000 |
| Стара Река | Стара Река | 20 | 250 000 |
| Очипалска I | Очипласка | 23 | 320 000 |
| Очипалска II | Киселичка | 8 | 350 000 |
| Туришница | Туришница | 20 | 500 000 |
| Репница | Репница | 6 | 530 000 |
| Бигла | Бигла | 1,33 | 25 000 |

*Табела 8. Преглед на можни акумулации во Делчево, Извор: Одделение за уредување на градежно земјиште, патишта и улици, ЕЛС Делчево, 2006*

**Минерални ресурси**

На територијата на општина Делчево утврдени се значајни наоѓалишта на метални, неметални и енергетски минерални суровини, како значаен потенцијал за развојот на општината.
• Наоѓалишта на јаглен, лоцирани во Делчевско – Пехчевскиот басен, со вкупна површина од околу 100 $km^2$, трети по значење во Република Македонија. Вкупните резерви се утврдени на околу 46 000 000 t јаглен.

• Во коритото на река Брегалница има околу 90 000 000 $m^3$ златоносен алувион од песок и чакал. Се претпоставува присуство на 13,5 –36 t злато.

• Природно печената глина, со утврдени резерви над 10 милиони тони, а со значајна комерцијална вредност се и гранитите, варовниците и диабазите.

• Геотермалната енергија – при испитувањата на лежиштето на јаглен „Стамер – Ѕвегор", утврден е среден геотермален градиент од 6,5°C/100 m, што укажува дека зголемувањето на температурата во насока на длабочина е побрзо од вообичаеното.

**Биодиверзитет**

Природата и биолошката разновидност се резултат на милениумски период на еволуција, што само по себе ја нагласува потребата за нивна континуирана заштита.
Општина Делчево, распространета на Пијанечката висорамнина поседува атрактивни шумски предели богати со разновидна фауна и флора.
Во регионот живеат повеќе разновидни растителни заедници. Преовладуваат високи растенија, додека оние ниските како што се алгите, мовта, но и габите /како неживотинска и нерастителна форма/, сѐ уште во целост не се испитани. Покрај нив, регионот е богат и со голем број разновидни лековити и ароматични растенија, шумски плодови, семиња и печурки.
Составен дел на биоценозата во подрачјето на општината Делчево се и најразличните форми на животни од групата на водоземците, цицачите, влечугите, птиците и инсектите.
Ловството како стопанска профитабилна дејност овозможува девизен прилив, вработување, развој на угостителството, туризмот, транспортот шумарството и др. Можност за развој на ловството во Делчево е во склоп на Пијанечкото ловно стопанско подрачје.

**Заштитени подрачја**

Природни вредности и реткости
На територијата на општина Делчево во категоријата на заштитени шуми спаѓаат:

- 7 ха кај с. Трaботивиште
- 25 ха над с. Ѕвегор
- 50 ха над с. Разловци
- 160 ха покрај река Брегалница

Планината Голак според Законот за заштита на природни реткости („Сл. весник на СРМ“ бр.43/76) и група критериуми е под посебна заштита како предел со посебни природни карактеристики (12.500 ха), со издвоена и заштитена парк - шума „Гоце Делчев”.
Споменици на природата кои сведочат за процесите кои се одвивале во различни геолошки периоди:

- Локалитет Илин Камен кај с. Ѕвегор
- Локалитет Кукуљето кај с. Нов Истевник
- Локалитет Кукуљето кај с. Тработивиште

Исто така од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во текот на 2019 година прогласени се три локалитети за заштитени природни реткости:

- Палеонтолошкиот локалитет Стамер, кој е богат со пикерминска фосилна фауна,се наоѓа на 5 км југоисточно од Делчево во непосредна близина на селото Стамер, а површината на локалитетот изнесува 25.6 хектари. Палеонтолошката гробница на пикерминска фауна е детерминирана и дел, научно истражена пред 12 години, кога научниците од Природонаучниот музеј од Скопје овде открија значајни фосили од пикерминска фауна, како уникатниот во Европа, череп од жирафа, мастодонт, фосили од антилопа, хипарион и сл, фосили стари од 10 до 3 милиони години.
- Спелеолошки објект Киселичка пештера, која се наоѓа во селото Киселица. Иако релативно мала, Киселичка Пештера е значајна од повеќе аспекти. Таа претставува ретка регистрирана појава на пештера во источниот дел од Македонија, поточно во Краиштидната тектонска зона, каде досега се регистрирани само две пештери (Киселичка Пештера и Коњска Дупка). Дополнително е значајна и по нејзината појава во мал тектонски блок од тријаски варовници, чија разместеност е многу мала во источниот дел на Македонија.
- Специфичен геолошки профил кај с. Ѕвегор, кој се наоѓа на околу 1 км северно од селото Ѕвегор на надморска висина од 740-850 метри на источните падини на возвишението Илин Камен до патот кој води за граничниот премин со Република Бугарија и зафаќа површина од 7,8 хектари.

Согласно Просторниот план на Република Северна Македонија (донесен во 2004год.)предвидено е зголемување на мрежата на заштитени подрачја (до околу 12% одтериторијата на земјата) и нејзино ефикасно воспоставување до 2020 год.

**Шуми**

Шумите во општина Делчево зафаќаат површина од 27.899 хектари или 48% од вкупната територија на општината. Од вкупната површина под шума околу 49% е приватна сопственост и со неа стопанисуваат сопствениците. Со останатиот процент од шумите и шумското земјиште во државна сопственост стопанисуваат шумско стопанство „Голак“. Се среќаваат следните видови на шуми:

- Ксерофилни благун-белгаберови шуми (As. Querco-Carpinetum orientalis macedonicum Rudski apud. Ht)

- Ксерофилни белгабер-црнгаберови шуми (As.Querco-Ostryetum carpinifoliae Ht)
- Термофилно-ксерофилни плоскач-церови шуми (As.Quercetumfrainetto-cerris macedonicum Oberd. Emend Ht)
- Термофилни горунови шуми (As. Orno-Quercetum petraeae Em)
- Мезофилни подгорски букови шуми (As. Festuco heterophylae-Fagetum Em)
- Термофилно-мезофилни борово-букови шуми (As. Fago-Pinetum nigrae (Ht. et Em) Em)
- Мезофилни горски букови шуми (As. Calamintho grandiflorae- Fagetum Em)

Растителните болести досега немаат предизвикано пообемни оштетувања и сушења на шумите, но во помала мера се секој пат присутни во општината. Забележителна е појавата на трулежи и мали рани кај буковите дрвја и сушење на гранките, што е резултат на физиолошки ослабнати дрвја.

Во границите на шумскостопанските единици се опфатени и други 34 типови на земјишта, како што се: неплодно земјиште со вкупна површина од 108,30 ha или 0,3 %, земјиште за други намени со 343,25 ha или 0,9 % и приватни нешумски површини со 3 091,40 ha или 8,2 %.

| ***Вкупно површини под шуми*** | ***Измерена дрвна маса*** | | ***Просечен годишен прираст*** | | ***Етат за сеча*** | ***Број на домаќинства*** | ***Потребно бруто огревно дрво (м3)*** | | ***Дефицит / Суфицит (м3)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ха | м3 | м3/ха | м3 | м3/ха | м3 | | За едно | Вкупно(7*8) | (6-9) |
| **27899** | **2355919** | **87** | **48837** | **1,8** | **36365** | **5568** | **9,44** | **52562** | **-16197** |

*Табела 9 .Шумите во општина Делчево се дефицитарни со дрвна маса, т.е. потребите за одревно дрво на домаќинствата се поголеми од утврдениот годишен сечив етат Извор: Аналитична информација за шумите на општина Делчево и М.Каменица до 31. 12 2004 година – 50 год. работа и постоење на шумско стопанство "Голак" Делчево – 1951 до 2002 година, Асен Давитков*

| ***Сеча на дрвна маса (2003 -2004)*** | ***Продадено огревно дрво*** | | ***Потребно бруто огревно дрво*** |
|---|---|---|---|
| м3 | Во општината | Надвор | м3 |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **49493** | **14833** | **34660** | **52562** |

*Табела 10. Бесправна сеча на шумите во општина Делчево, Извор: Аналитична информација за шумите на општина Делчево и М.Каменица до 31. 12 2004 година – 50 год. работа и постоење на шумско стопанство „Голак” Делчево – 1951 до 2002 година, Асен Давитков*

**ЕКОНОМИЈА И ВРАБОТУВАЊЕ**

Државниот завод за статистика обезбедува податоци – економски показатели на ниво на плански региони. Поради тоа не е можно да се изведат заклучоци базирани на локални вредности. Бидејќи Општина Делчево е репрезент на ИПР, податоците од ДЗС ќе се земат како условно релевантни. Во случај да се обезбедат попрецизни локани податоци, овој дел ќе биде ревидиран со поспецифични информации.

Источниот плански регион заостанува доста во развојот во однос на Скопскиот плански регион. Ова е последица на моноцентричниот модел на развој што се применува во државата. Ваквата состојба не е карактеристична за другите држави со мала територија, каде развојот е многу порамномерен. Ова укажува на потребата од водење на регионална политика на развој и дисперзија на инвестициите низ земјата. Поголемата соработка помеѓу општините во регионот би допринела за размена на природните ресурси и нивно целосно искористување, а нивната поголема поврзаност би допринела за побрз економски развој на сите три општини во целина. Економската моќ и конкурентската предност на секоја општина, отварање на работни места овозможува подобрување на условите за економски раст и развој на целиот регион  и воедно овозможува подобрување на условите за живеење на граѓаните кои што живеат во оваа територија.
Вработените се основниот двигател на развојот на секоја општина, но нејзиниот развој не може да се потпре исклучиво на вработените. Треба да се вклучат и луѓето од пошироката заедница, да се искористат сите човечки потенцијали од бизнис заедницата, од деловните организации, граѓанските здруженија, културата, спортот, здравството, образованиоето и локалната самоуправа. Тие преку своите знаења способности и вештини, капиталот, имотот и инфраструктурата би придонеле за создавање на поголеми услови самоодржлив економски систем. Секое вакво здружување неопходно води до зголемување на конкурентноста помеѓу организациите и луѓето, што понатаму ќе доведе до побрз развој на општината и на човечките ресурси во истата.

Државниот завод за статистика нема официјални податоци за БДП по општини, такашто БДП на територијата на Општина Делчево може да биде оценет само преку податоците за Источниот плански регион. Но компаративно гледано, во однос на другите региони во државата, овој микрорегион е еден од најнеразвиените. Неговото учеството во бруто домашниот производ на Република Северна Македонија е на ниво на 8.3% што е помалку од учеството на регионот во вкупната територија (околу 14%) и е на ниво на учеството на населението од регионот во вкупниот број на население за државата.

| | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|
| | ***Република Северна Македонија*** | | |
| Бруто домашен производ (мил. денари) | 558 954 | 594 795 | 618 106 |
| Учество | 100.0% | 100.0% | 100.0% |
| *Источен регион* | | | |
| Бруто домашен производ (мил. денари) | 44 934 | 46 975 | 51 090 |
| Учество | 8,0% | 7,9% | 8.3% |

*Табела 11. Учество на Источниот регион во БДП на државата, Извор:ДЗС 2017*

| **ИСТОЧЕН РЕГИОН** | **БДП, во милиони денари** | **Структура на БДП, РМ = 100%** | **БДП, по жител, во денари** | **БДП, по жител, МК =100** |
|---|---|---|---|---|
| **2017** | **51 090** | **8.3** | **290 385** | **97.5** |
| **2016** | **46 975** | **7.9** | **266 047** | **92.7** |
| **2015** | **44 934** | **8.0** | **253 656** | **93.9** |

*Табела 12. БДП за ИПР по жител, Извор: ДЗС 2017*

Всушност за целиот претходен период, карактеристичен е забрзан тренд на економската активност во регионот и постепеното приближување на бруто домашниот производ во регионот до просекот на Република Северна Македонија, што е поволен резултат и укажува на ревитализација и модернизација на стопанството. Меѓутоа, состојбата со COVID 19 од почетокот на 2020 година сигурно ќе предизвика негативен тренд во целокупната економска активност што ќе се одрази и на Делчево, но овие податоци дополнително ќе треба да се анализираат во следниот

период. Гледано во целина, Источниот плански регион се развивал релативно брзо, што и соодветно е одразено на степенот на неговата развиеност. Источниот плански регион денес има развиен индекс 0,67, економско социјален индекс 0,95 и демографски индекс со 0,50.[1] Така, регионот се приближува до регионите кои се подобри од просекот за Република Северна Македонија. Бруто додадената вредност во Источниот регион во 2017 година изнесувал 44 281 милиони денари.

| **Бруто додадена вредност (милиони ден)** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 488 408 | 515 601 | 535 726 |
| Источен регион | 39 263 | 40 721 | 44 281 |
| Учество на регионот | 8.03% | 7,89% | 8.26% |
| Индекс (2010=100) | 100 | 100.31 | 9.75 |

*Табела 13. Бруто додадена вредност, ДЗС 2017*

Општина Делчево, според своите карактеристики спаѓа во групата на рурални општини. Двигатели на локалната економија во Општина Делчево се текстилните претпријатија за производство на кошули, ХТЗ опрема и друг вид на производи „Палтекс“, „Витекс“, „Крзно“, претпријатието за производство на фротир „Фротирка“ и „Фротекс“ ДООЕЛ, претпријатието од областа на дрвната индустрија за производство на фурнир и предмети од фурнир и производство на пелети „Алпин ком“ за производство на прехрамбени производи „Рудине“, каде отпаѓа и најголемиот дел на вработените во приватниот сектор. Години наназад, значаен дел во локалната економија отпаѓа на земјоделството и овоштарството. Во оваа гранка се вклучени најголем број на население во општината, како основна или повремена дејност. Општина Делчево во изминатите години вложи големи напори за промовирање на општината и изнаоѓање на инвеститори за развој на локалната економија. За таа цел се промовира и новата индустриска зона во градот Делчево, а нарасполагање се уште неколку објекти кои се нудат на потенцијални инвеститори.

Заклучно со првото тромесечие од 2020 година, податоците на Подрачната единица на Агенцијата за вработување во Делчево, која воедно го опфаќа и работоспособното население во Македонска Каменица, ја покажува бројката од 1284 невработени лица, а во однос на полот таа бројка е речиси изедначена. По возраст, како невработени лица најмногу доминираат оние над

[1] Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012, Службен весник бр.162/2008

50 годишна возраст, додека бројката на најактивно население кое најмногу може да има удел на локалната економија и се смета за најработоспособно (20-35 години) е околу 90 лица.

| **2020** | **Вкупно невработени лица** | **Жени** | **Мажи** |
|---|---|---|---|
| **Делчево** | **1284** | **665** | **619** |

*Табела 14. Број на невработени лица во Делчево по пол, Извор: АВРМ, април 2020*

Во поглед на образованието најголем дел од невработените се без образование или само со основно образование, после следуваат 380 лица со завршено средно, 88 со високо образование, а работа чекаат и 6 магистри. Според времето на чекање за вработување најбројни се лицата кои работа чекаат по околу 5 месеци, а после нив и оние кои чекаат до 2 години, дури 134 лица работа чекаат скоро седум години. Општна Делчево во насока на намалување на неработеноста има изработено програма за еднакви можности на мажите и жените и работа на КЕМ (2020) [2] и ЛАП во областите вработување, домување, образование и здравство (2017-2020) [3]. АВРМ истотака има неколку активни програми за намалувањеаневработеноста и поддршка за невработените лица како и можности за нивно доусовршување.

*Табела 16, број на невработени лица во Делчево по степен на образование, извор АВРМ април 2020*

| **2020** | Без образование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 635 | 155 | 380 | 24 | 88 | 6 | 0 |

2 https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/programa_za_ednakvi_mozhnosti_2020.pdf

3 https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/LAP_na_opshtina_delchevo_vo_oblastite_vrabotuvanje_domuvanje_obrazovanie_zdravstvo.pdf

| 2020 | Под 1 мес ец | 1-5 месец и | 6-11 месец и | 12-17 месец и | 18-23 месец и | 2 годин и | 3 годин и | 4 годин и | 5-7 годин и | 8 години и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Делчево | 117 | 318 | 190 | 127 | 59 | 164 | 46 | 31 | 134 | 98 |

*Табела 16, број на невработени лица во Делчево по време на чекање за работа, извор АВРМ април 2020*

| 2020 | 15 - 19 | 20 - 24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 18 | 93 | 87 | 87 | 92 | 98 | 110 | 160 | 271 | 268 |

*Табела 17, број на невработени лица во Делчево според возраст, извор АВРМ април 2020*

Развиеноста на економијата во општината може да се анализира преку големината и економската моќ на претпријатијата кои се наоѓаат на оваа територија. Според податоците од Државниот завод за статистика, микро претпријатијата се најзастапени. Тие опфакаат 74.12% од вкупниот број на регистрирани претпријатија. Споредбено со нив, големите претпријатија се застапени со само три претпријатија. Претпријатијата кои се категоризирани како мали се втори најприсутни,опфакајќи 25,06% од вкупниот број регистрирани економски субјекти. Од ова може да извлечеме заклучок дека територијата на општината располага со слабо развиено стопанство. Од производствените капацитети преовладуваат трговијата на големо и мало односно поправката на моторни возила со 162 претпријатија, по што следува преработувачката индустрија со 90. Речиси идентичен е бројот на субјекти кои се занимаваат со земјоделски, угостителски и услужни дејности. Од областа на земјоделството има одлични услови за организирано производство на  компир, пиперка, зелка, житни растенија. Во општината стратегиска култура е овоштарството во кој егзистенција бараат над 1000 домаќинства. Постои претпријатие за откуп и преработка на сливи, но има и пунктови на други претпријатија кои вршат откуп на слива.

Општината има одлични услови за одгледување на ситен и крупен добиток, а млекото организирано го откупуваат млекари од регионот. Последните години изградени се  2 (два) рибника по текот на река “Звегорска“и „Желевица“.  На подрачјето на Општина Делчево работаат 3 (три) каменоломи кои ги обезбедуваат потребите од сепарирани песок за општините Делчево и регионот. Во делот на дрвната индустрија значаен производен капацитет претставува  “Алпин ком“ кој произведува фурнир и пелети , но и  „Рудине“ кој е клучен во откупот на млеко и слива ивишна. Водниот потенцијал и сончевите денови овозможија да бидат изградени неколку централи за производство на електрична енергија од сонце.

Изградбата на новата индустриска зона и потенцијалните инвестиции во, како и ставањето во функција се наметнува како клучен фактор за развој на локалната економија. Локалната самоуправа исто така има влијание врз развојот на економијата преку изготвување на стратешки документи за развој, мерки за даночни олеснувања, изготвување и донесување на урбанистичко-планска документација, изградба на соодветна комунална инфраструктура и слично. Најголемиот број на вработени сепак отпаѓа на текстилната, дрвната и прехрамбената индиустрија како и јавните дејности, односно вработени во здравствените установи, образовните установи, јавни претпријатија и други административно управни единици.

| | | **Активни деловни субјекти по големина** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | **Вкупно** | **Микро** | **Мали** | **Средни** | **Големи** |
| **Делчево** | 529 | 371 | 151 | 4 | 3 |

*Табела 18.Број на активни деловни субјекти по големина, Извор: ДЗС, 2019*

Инаку, за развој на индустрија и мало стопанство од вкупната површина на општината се предвидени 54,6 ха од кои на индустријата и отпаѓаат 38,7 ха, а од нив се реализирани 32,0 ха или 82,6%. Во однос на економската активност, во следните две табели се прикажани активните деловни субјекти категоризирани според големината и според дејноста која ја обавуваат.

| **2019** | **А Земјоделство, шумарство и рибарство** | **Б Рударство и вадење на камен** | **В Преработувачка индустрија** | **Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | **Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад ; санација на околината** | **Ѓ Градежништво** | **Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | **Ж Транспорт и складирање** | **З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | **S Информации и комуникации** | **И Финансиски дејности и дејности на осигурување** | **Ј Дејности во врска со недвижен имот** | **К Стручни, научни и технички дејности** | **Л Административни и помошни услужни дејности** | **Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | **М Образование** | **Н Дејности на здравствена и социјална заштита** | **Њ Уметност, забава и рекреација** | **О Други услужни дејности** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 35 | 3 | 90 | 1 | 3 | 20 | 162 | 37 | 38 | 7 | 1 | 3 | 41 | 9 | 3 | 9 | 30 | 11 | 26 |

*Табела 18. Бброј на активни деловни субјекти по сектори, Извор: ДЗС, 2019*

## ИНФРАСТРУКТУРА

### Водоснабдување[4]

Водоснабдувањето за градот Делчево и за селата Тработивиште, Вирче, Град, Стамер и Полето се врши од регионалниот систем за водоснабдување кој се состои од:

- Акумулација Лошана со акумулационен простор 1 500 000 м3, камено насипана брана со Н = 41метар;
- Довод од зафатна градба во акумулацијата Лошана до филтер станицата во с. Тработи-виште;
- Филтер станица во с. Тработивиште со проектиран капацитет од 60литри/секунда, а сегашен работен капацитет 40литри/секунда;
- Бунари и пумпни постројки во с. Тработивиште и градот Делчево (две пумпни постројки)
- Должина на главни цевководи во системот 16 150 метри должински од кои цевководите се PVC и салонит
- Должина на разводна мрежа во градот 44950 метри должински
- Број на куќни приклучоци – 5180
- Каптажа - резервоар и разводна мрежа 129,64 км
- Главен колектор+канализациона мрежа во 2013 се 55.869 км

Останатите рурални населени места се снабдуваат со вода за пиење преку локални водоводни системи и чешми.

| Реден број | Профил mm | PVC | Салонит | Челик | Вкупно м’ |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **300** | | **3800** | | **3800** |
| **2** | **300** | **3550** | | | **3550** |
| **3** | **400** | | **1370** | | **1370** |
| **4** | **450** | | **1810** | | **1810** |
| **5** | **400** | **5270** | | | **5270** |
| **Вкупно:** | | | | | **15800** |

*Табела 19. **Должина на главни цевководи во системот** Извор: Одделение за уредување на градежно земјиште, патишта и улици, ЕЛС Делчево*

| Реден број | Профил mm | PVC | Салонит | Вкупно м’ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 63 | 2750 | | 2750 |
| 2 | 80 | 2100 | | 2100 |
| 3 | 100 | 3500 | | 3500 |
| 4 | 80 | | 10460 | 10460 |
| 5 | 100 | | 17200 | 17200 |
| 6 | 150 | | 800 | 800 |
| 7 | 200 | 2300 | | 2300 |
| 8 | 200 | | 3950 | 3950 |

[4] Одделение за урбанизам и животна средина, ЕЛС Делчево, 2006

| Вкупно: | | | | 43060 |
|---|---|---|---|---|
| Број на куќни приклучоци: | | | | 4950 |

*Табела 20.* *Должина на разводна мрежа во градот* *Извор: Одделение за уредување на градежно земјиште, патишта и улици, ЕЛС Делчево, 2006*

| **Реден број** | **Населено место** | **Должина од каптажа до резервоар (км)** | **Должина на разводна мрежа (км)** |
|---|---|---|---|
| 1 | с. Ѕвегор | 3,5 | 2,7 |
| 2 | с. Габрово | 0,88 | 2 |
| 3 | с. Стамер | 0,76 | 1,2 |
| 4 | с. Град | 2,16 | 1,5 |
| 5 | с. Вирче | 0,86 | 2,76 |
| 6 | с. Нов Истевник | 3,2 | 2,2 |
| 7 | с. Стар Истевник | 2,5 | 1,8 |
| 8 | с. Разловци | 0,3 | 1,3 |
| 9 | с.Чифлик | 0,75 | 0,82 |
| 10 | с.Ветрен | 2,2 | 1,2 |
| 11 | с.Киселица | 2,5 | 1,6 |
| 12 | с. Очипала | 3,2 | 3,7 |
| 13 | с. Селник | 2,7 | 3,5 |
| 14 | с. Драмче | 5,6 | 28 |
| 15 | с. Вратиславци | 1,8 | 1,2 |
| 16 | с. Тработивиште | 4 | 7,8 |
| 17 | с.Бигла I, II, III, IV | 15,2 | 3,8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | с. Илиово | 3,9 | 1,5 |
| 19 | СРЦ "Голак" | 1,9 | 1,2 |
| | ВКУПНО: | 57,91 | 69,78 |
| | **СЕ ВКУПНО:** | **Каптажа - резервоар и разводна мрежа 127,69км** | |

*Табела 21. Водоводна мрежа во населените места Извор: Одделение за уредување на градежно земјиште, патишта и улици, ЕЛС Делчево, 2006*

**Канализација[5]**

Во градот Делчево одведувањето на комуналните отпадни води до 2016 година се вршеше заедно со атмосферските води преку постојната канализациска мрежа. Мрежата е од мешан тип и е проектирана со две изливни места лоцирани на колекторите покрај реките Брегалница и Габровчица, а краен реципиент е река Брегалница.

За споредба вкупно во 2007: главен колектор+канализациона мрежа 47,965 км додека вкупно во 2016: главен колектор+канализациона мрежа 55.691км.

| Реден број | Населено место | Должина на главен колектор(км) | Должина на канализациска мрежа(км) | Дијаметар (мм) | Вид на цевка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Делчево | | 19, 918 | Ø200 | бетонски |
| | | | 2,077 | Ø250 | |
| | | | 2,49 | Ø300 | |
| | | | 7,75 | Ø400 | |
| | | | 2,169 | Ø500 | |
| | | | 0,4 | Ø600 | |
| 2 | Делчево | 0,316 | | Ø300 | бетонски |
| | | 0,486 | | Ø400 | |
| | | 0,25 | | Ø500 | |

[5]Извор: Одделение за уредување на градежно земјиште, патишта и улици, ЕЛС Делчево, 2013

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1,15 | | Ø600 | |
| | | 0,3 | | Ø800 | |
| | | 0,25 | | Ø1000 | |
| | | 0,2 | | | |
| 3 | Село Разловци | | 0,074 | Ø100 | бетонски |
| | | | 1,63 | Ø200 | |
| | | | 1,02 | Ø300 | |
| 4 | Село Ѕвегор | | 0,4 | Ø200 | бетонски |
| | | | 0,6 | Ø600 | |
| 5 | Село Тработивиште | | 4,3 | Ø250 | бетонски |
| | | | | Ø300 | |
| 6 | Село Габрово | 0,04 | | Ø250 | бетонски |
| | | 0,66 | | Ø300 | |
| 7 | Село Габрово | | 1,509 | Ø250 | бетонски |
| | ВКУПНО | 3,652 | 44,313 | | |
| Сè вкупно: главен колектор+канализациона мрежа 47,965 км | | | | | |

*Табела 22. Канализациона мрежа во градот Делчево и населените места Извор: Одделение за уредување на градежно земјиште, патишта и улици, ЕЛС Делчево, 2006*

| Вид на услуга | Единечна мерка | Единечна цена (Денари) |
|---|---|---|
| Смет од покриен простор - фирми | m2 | 4[6] |
| Смет од продажен простор - фирми | m2 | 4 |
| Смет од продажен простор за СТД -трговија | m2 | 4 |
| Смет од покриен простор за СТД -трговија | m2 | 4 |
| Смет од продажен простор за СТД -прехрана | m2 | 4 |

[6] 61 денари=1 ЕУР

| | | |
|---|---|---|
| Смет од покриен простор за СТД -прехрана | m2 | 4 |
| Собирање на смет од приватни лица – семејства | ден | 2,1 |
| Собирање на смет за специјални установи | m2 | 4 |
| Вода за приватни лица | m3 | 19 |
| Вода за фирми | m3 | 46 |
| Вода за специјални установи | m3 | 46 |
| Вода за СТД – трговија | m3 | 46 |
| Вода за СТД – прехрана | m3 | 46 |

*Табела 23. Цени на комуналните услуги Извор: ЈПКД „Брегалница”, Делчево*

**Електрична мрежа**

Делчево е поврзано со електроенергетскиот систем на Република Македонија преку далноводот 110KV Кочани – Македонска Каменица – Делчево – Берово и со 35 KV далновод Кочани – ХЕ „Калиманци”. Покриеност со електрична енергија: 100%
За 2013 годишна потрошувачката на електрична енергија во општината изнесува: 48 MWA. Цена: 4.05 денар/kWh електрична енергија.

**А. ДАЛНОВОД**

| Реден број | | Сопствени (m) | Туѓи (m) | Вкупно (m) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 110 kV Далновод | 72000 | | 72000 |
| 2 | 35 kV Далновод | 21500 | 12000 | 33500 |
| 3 | 10 kV Далновод | | | 140000 |
| 4 | Нисконапонска мрежа | 290000 | | 290000 |
| 5 | Приклучоци | 130000 | | 130000 |
| | СЕ ВКУПНО: | 513500 | 12000 | 525500 |

*Извор: ЕСМ, Подрачна единица Делчево*

**Б. ТРАФОСТАНИЦИ**

- 110 ТС 10/0,4 kV
- 2 ТС 110/35/10 kV
- 1 ТС 35/10 kV

Годишна потрошувачка на електрична енергија во општината: 25MWA

Специфична потрошувачка: 385 кWh/жител.

Цена: 3,61 денар/kWh електрична енергија

**Патишта**

На подрачјето на општината поминува Магистралниот пат А3/ М5, со кој општината се поврзува со Република Бугарија. Со сообраќајниот систем на државата, општината се поврзува преку неколку регионални патишта:

- Магистралниот пат А3 (Крстосница Требениште (врска со А2) - крстосница Подмоље – Охрид - Косел – Ресен - Битола – Прилеп – Велес -Штип – Кочани – Делчево -гр. со Бугарија (ГП Делчево)
- Р1302 Делчево (врска со А3)- Пехчево – Берово – Дабиле (врска со А4)
- Р2341 Делчево (врска со А3) – Габрово – гр. со Р.Бугарија
- Р2343 Делчево (врска со А3) – Голак
- Р2345 врска со А3 – Бигла – Трсино – врска со Р1304
- Р2346 Тработивиште (врска со Р1302) – Разловци – Митрашинци (врска со Р1304)
- R2345 го поврзува Делчево со Виница, преку с.Бигла

| КАТЕГОРИЈА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| МАГИСТРАЛНИ | $м^1$ | 10.000 |
| РЕГИОНАЛНИ | $м^1$ | 68.000 |
| ЛОКАЛНИ | $м^1$ | 143.240 |

**ЛОКАЛНИ ПАТИШТА**

**АСФАЛТИРАНИ:**

| МЕРКА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ДОЛЖИНА | $м^1$ | 58.270 |
| ПОВРШИНА | $м^2$ | 174.810 |

**ПРОБИЕНИ:**

| МЕРКА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ДОЛЖИНА | $м^1$ | 84.970 |
| ПОВРШИНА | $м^2$ | 424.850 |

## <u>УЛИЦИ</u>

**АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИ:**

| МЕРКА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ДОЛЖИНА | $м^1$ | 31.410 |
| ПОВРШИНА | $м^2$ | 188.460 |

**ТАМПОНИРАНИ УЛИЦИ:**

| МЕРКА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ДОЛЖИНА | $м^1$ | 340 |
| ПОВРШИНА | $м^2$ | 1360 |

**ПРОБИЕНИ УЛИЦИ (ЗЕМЈЕНИ):**

| МЕРКА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ДОЛЖИНА | $м^1$ | 2.990 |
| ПОВРШИНА | $м^2$ | 17.940 |

**НЕПРОБИЕНИ УЛИЦИ (ЗЕМЈЕНИ):**

| МЕРКА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ДОЛЖИНА | $м^1$ | 9.684 |
| ПОВРШИНА | $м^2$ | 58.104 |

**БЛИЗИНА НА АЕРОДРОМ: Софија 140км**

**Скопје 160км**

**БЛИЗИНА НА ЖЕЛЕЗНИЦА: Кочани 40 км**

**БЛИЗИНА НА ПРИСТАНИШТЕ: Солун 250км**

**ГРАНИЧЕН ПРЕМИН: Арнаутски Гроб, 10км од општинскиот центар**

**Црна Скала, во изградба**

**Транспорт**

Во Делчево за јавен превоз на патници и стоки се користи патен сообраќај. Автобуската станица, која е во приватна сопственост, во моментот не е во функција, туку автобускиот превоз е со превозници од Берово и Пехчево.
Градскиот превоз, општинскиот линиски превоз на патници во општина Делчево се врши врз основа на 6 дозволи за одредени линии, а истиот го вршат 4 превозници со минибуси и комбиња. Превозот на ученици и вработени во поголемите правни субјекти во општината се врши со дозволи за посебен линиски превоз на патници, кои го обезбедуваат превозот до селата, како и превозот на ученици.
Во општина Делчево авто такси превозот е најатрактивен и истиот го вршат 21 лиценцирани авто такси превознци, од кои 6 се индивидуални превозници и 15 се автотакси компании. Во општината има четири лиценцирани автотакси компании и десетина лиценцирани индивидуални автотакси превозници.

**Образование**

Образовниот процес во општина Делчево, се одвива во следните воспитно- образовни институции:

| Вид на образование | Назив на установа | Контакт |
|---|---|---|
| Предучилишно | ОЈУДГ „Весели Цветови” | 033 411 872 |
| Основно | ОУ „Ванчо Прке” | 033 411 119 |
| | ОУ „Климент Охридски” | 033 410 920 |
| Средно | СОУ „М.М.Брицо” | 033 411 864 |

*Табела 24. Образовни институции во општина Делчево*

Според последните информации од Општина Делчево од 2019 година, во Предучилишното образование се вклучени вкупно 386 деца, организирани во 13 наставни групи кои се водени од 12 воспитувачи. Во Основното образование бројот на ученици изнесува вкупно 1077 во двете општински основни училишта и подрачните училишта, додека бројот на ученици опфатени со средно образование во единствената гимназија изнесува 374 ученици поделени во 24 паралелки, таму наставата се реализира во четири образовни подрачја и тоа Општествено - хуманистичко подрачје, Природно- математичко подрачје, Текстилно-кожарска струка и Прехранбена струка. Во Делчево исто така во склоп на основното училиште „Климент Охридски“ функционира и паралелка за основно образование за лица со посебни потреби, каде се вклучени ученици од целиот регион. Во последната учебна година во оваа паралелка имало вкупно 18 ученици, во една паралелка, водени од еден наставник.

| Училиште | Број на ученици | Број на вработени |
|---|---|---|
| **ЈОУГД „Весели цветови“** | 368 | 58 |
| **ОУ Св. “Климент Охридски“** | 517 | 117 |
| Подрачно училиште во с. Стамер | 11 | |
| Подрачно училиште во с. Град | 45 | |
| Подрачно училиште во с. Вирче | 9 | |
| Подрачно училиште во с. Разловци | 38 | |
| Подрачно училиште во с. Traботивиште | 28 | |
| **ОУ “Ванчо Прке“** | 560 | 81 |
| Подрачно училиште во с.Звегор | 11 | |
| Подрачно училиште во с. Габрово | 15 | |
| **СОУ„ММ Брицо“** | 374 | 67 |

*Табела 25. Број на ученици и вработени во образовани инсититуции Извор: Општина Делчево, Одделение за правни и општи работи и јавни дејности, јуни 2020*

Сите образовни институции во општина Делчево работат согласно позитивните закони и норми и ги следат и имплементираат политиките на МОН и Бирото за развој на образованието. Во рамки на наставата децата учат и ги осознаваат потребите за здрава животна средина и живеењето во хармонија со природата. Во сите образовни институции постојат Еколошки секции. Општина Делчево на годишно ниво доделува 28 стипендии за ученици и студенти во тековната учебна година, 3 стипендии за првенци на генерација, а од 2020 година се доделува по еднократна помош од 3.000 денари за секое прваче.

**<u>Здравство</u>**

Здравствената заштита во општина Делчево се одвива на ниво на примарна здравствена заштита во ЈЗУ „Гоце Делчев”, во која со процесот на приватизација се лоцирани поголем број на

приватни ординации. Здравствена станица постои во село Тработивиште, а селски амбуланти (пунктови) има во: Разловци, Драмче, Град, Вирче, Стамер и Бигла.
Диаверум-Македонија е мрежа на центри за хемодијализа која обезбедува грижа за болни кои се на хемодијализен хроничен програм. Постои регионален центар во Делчево кои ги опслужува и општините Пехчево, Берово и Македонска Каменица.

**Преглед на регистрирани ординации и број на вработени:**

| | Населено место | Број на регистрирани |
|---|---|---|
| Приватни ординации | Делчево | 12 |
| Приватни аптеки | Делчево | 7 |
| Стоматолошки ординации | Делчево | 13 |
| Специјалистички ординации | Делчево | 2 |

*Извор: Фонд за здравствено осигурување, ПЕ Делчево, заклучно со 31.12.2008*

**<u>Социјална заштита</u>**

Во општина Делчево на полето на социјалната заштита дејствуваат следните институции:

- **ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Делчево**, во чиј состав работат 3 одделенија и тоа:

- Општи и заеднички работи,

- Стручна работа и

- Дневен Центар за лица со посебни потреби

- **ПЕ на Министерството за труд и социјална политика во чиј состав работат:**

**-** Трудова инспекција,

- Одделение за остварување на право по основ на боречка заштита

- **Подрачна единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ**

- **Агенција за вработување на РМ - Центар за вработување Делчево**

Согласно податоците на ДЗС од 2015 година на во Делчево има вкупно 801 полнолетни корисници на социјална парична помош. 33 од нив се социјално исклучени лица, 73 се лица со оштетен вид, 40 со оштетен вид и 185 лица се со пречки и телесен инвалидитет. 201 малолетно лице е примател на социјална парична помош на територијата на Општина Делчево , од нив 16 се деца без родители и родителска грижа, 57 се со проблеми во семејството или бракот на родителите, 2 се деца во ризик, 4 во судир со законот, а 8 се деца со оштетен вид.

294 корисници од 158 семејства се корисници на детски додаток, 57 се корисници на посебен додаток, а 77 добиле еднократна парична помош за новороденче. Во Делчево 104 лица добиваат парична поддршка за трето дете, а 5 за четврто дете.

Општина Делчево во поглед на социјалната заштита за 2020 година има подготвено програма за социјална заштита[7], како и ЛАП за социјална заштита (2019-2021)[8].

**<u>Култура</u>**

Културните активности во општина Делчево главно се одвиваат во Спомен домот АСНОМ, на град Делчево кој располага со корисна површина од 2359 м2 и Спомен дом на Разловечко востание, с. Разловци (библиотека и кино сала).

**Културни институции во општината**:

- **НУЦК „Никола Јонков Вапцаров”**, во чии рамики постои и Археолошко-музејска поставка, со пронајдени предмети од архелошките ископувања во општина Делчево, како и други обележја на културното наследство;
- **ЈЛБ „Илинден”**, со книжен фонд од 40.000 книги: 30.000 книги во градот и 10.000 книги во библиотеката во село Разловци;
- **Музеј на град Делчево,** Археолошкиот дел од Музејот содржи предмети од неолоитот (5.000 год п.н.е), па сè до доцниот среден век (14 век од н.е) и е резултат на двегодишните истражувања реализирани во 2000-2001 година на територијата на Пијанец.

**Културни настани во општината**

Секоја година Локалната самуправа и културните институции подготовуваат програма за работа со која се испланирани сите тековни културни настани, Програма за одбележување настани и културни манифестации [9] , Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“ и програма за работа на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров”. Дополнително културни активности се организираат и согласно националните програми за култура и индивидуални настани на културни работници.

[7] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/03/Programa_za_socijalna_zashtita_2020.pdf
[8] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/LAP_za_socijalna_zastita_2019-2021.pdf
[9] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/programa-za-kultura-2020-1.pdf

- Обичај под маски Сурова ; 14-ти Јануари
- Ден на раѓањето на Гоце Делчев ; 4-ти Февруари
- Февруарски поход ; втора половина на февруари;
- Априлијада ; 1-ви Април
- Велигденска изложба ; Велики Петок
- Одбележување на денот на смртта на Гоце Делчев; 4-ти Мај
- Одбележување на денот на ЕУ; 9-ти Мај
- Ден на Разловечкото востание; 20-ти Мај;
- Одбележување на денот на сесловенските просветители; 24 Мај
- Одбележување на Илинденско востание; 2-ри Август
- Делчевско лето; јуни-септември
- Голачки фолклорни средби (ГФС); 8-ми Август;
- Пијанечко – Малешевска свадба со Меѓународен фолклорен фестивал; средина на Септември
- Денови на Пијанечката слива ; почеток на Септември
- Ден на ослободувањето на Делчево; 7-ми Септември;
- Ден на независноста на Македонија; 8-ми Септември
- Ден на востанието на македонскиот народ и ден на борецот; 11-ти Октомври;
- Ден на Македонската револуционерна борба; 23 Октомври
- Новогодишна програма; 20-ти Декември – 15-ти Јануари

## Културно и природно наследство

Делчево може да се гордее на своето културно-историско наследство најмногу благодарение на градбите кои покрај тоа што оставиле белег во современата македонска историја, се и вистински репрезенти на културата препознатлива за населението во Пијанец. Според евиденцијата во Регистарот на културно наследство на Управата за заштита на културното наследство на Македонија (УЗКН) заклучно со 30 септември 2014 година, вкупно за културно наследство во државата се прогласени 1235 објекти и места. Меѓу општините кои имаат заштитени споменици на културата е и Општина Делчево. Тоа се црквите Св.Цар Константин и Царица Елена во село Разловци, Света Петка во село Селник и Св.Архангел Михаил во село Драмче.

***Цркви во општината***

- Успение на Св. Богородица , Делчево;
- Св.Ѓорѓи, с.Град;
- Св. Петка Параскева , с.Селник;
- Св.Богородица, с.Тработивиште;
- Св. Атанасиј , с.Нов Истевник;
- Св. Никола , с.Стар Истевник;
- Св.Архангел Михаил, с.Драмче;
- Св. Пантелејмон, Голак;
- Св.Цар Костадин и царица Елена, с.Разловци;

- Св.Никола, с.Вирче.

***Манастири***

- Св.Богородица - Источен петок – Балаклија,(манастирски комплекс);
- Покровна Богородица ( манастирски комплекс), ревитализиран - недовршен;
- Св.Ѓорѓи, с.Вирче;
- Св.Илија, с.Ѕвегор;
- Св.Петка , с.Црквенец.

***Џамии***

- Џамија во Делчево;
- Џамија во с.Град;
- Џамија во с.Трабroom;
- Џамија во с.Звегор;
- Џамија во с.Габрово;

Заштитен споменик на културата е црквата св. Петка во с. Селник, која датира од XVI век.

***Некои легенди:***

- За настанокот на името „Пијанец“ се претпоставува дека името „Пијанец“ е поврзано со растението „пијавец“ кое растело во р‘жта и пченицата;
- Легенда за пиење на пијалокот од растението „пијавец“;
- Легенда за името на месноста „Илин Камен“ во село Ѕвегор а поврзано со името на убавата мома Илина;
- Легендата за Голак;
- За Лилјанин дол во с.Тработивиште и др.

***Споменици на природата***

- Место викано„Кукуље“ во с.Нов Истевник;
- Место викано„Кукуље“ во с.Тработивиште;
- Ѓурѓов даб во с.Вирче;
- Ѓурѓово Дабје со црковен камен во с.Драмче;
- Благун Даб во с.Разловци;
- Пештера во с.Киселица, неистражена;
- Илин камен во с.Ѕвегор.

***Архелошки наоѓалишта***

- Могила кај с.Очипала, пронајдена е погребна кочија и е сместена во музејот во Штип;

- Могила кај с.Ветрен, истражена;
- Могила кај с.Вирче,истражена;
- Могила кај с.Бигла, истражена;

(пронајдените зачувани примероци се сместени во Археолошко- етнолошката поставка сместена во НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ - Делчево.

- Постојат неистражени могили во селските населби - Драмче, Косово Дабје, Истевник, Петрашевец, Илиово и др.
- Енеолитското наоѓалиште - Локалитет „Градиште“ во с.Град, делеумно е истражено, а конзервираните примероци се сместени во Археолошко - етнолошката поставка.

  Бројот на такви локалитети во Делчевско изнесува околу 15 и тоа во селата: Ѕвегор Град, Чифлик (Кулата), Моштица, Работивиште, Разловци, Вирче, Илиово,Очипала, Ол-шан град и Каменица. Најголемите и најглавните се наоѓале во М.Каменица (Калата) и во с.Град (Градиште).

- Римски погребувања во Пијанец (Истражени локалитети с.Очипала и с.Драмче)
- Кај местото викано „Грамади“ во атарот на с.Разловци постои селска населба од средниот век. Вршени се археолошки ископувања во 2004 година.
- Траги од праисториска населба со керамички фрагменти има кај месноста Чука.

## Спорт

Развојот на спортот во руралните средини зависи од повеќе фактори, кои треба интегрално да се гледаат. Сериозната иницијатива на државата за градење на спортски објекти и терени отвора вистинска перспектива за развој на спортот во општината кој може да се пофали со солиден број на игралишта, затворени сали, мултифункционални и тениски терени. Дел од нив се лоцирани во училиштата, а дел се на одделни локации. Сето тоа овозможува организирање на повеќе спортски настани, учество на поголем број лица во спорот од сите возрасти, од двата пола , од сите социјални групи без оглед на етничката и верската припадност спортување на отворени и затворени локации, преку ден и вечер и дополнителни реквизити за спортување . Истовремено тоа придонесува и за подобри резултати на професионалните спортисти и постигнувањето национални и меѓународни успеси. И во делот на екипите и во делот на индивидуалните спортови изминатите неколку години се бележат успеси и во трите општини во рамки на ЛАГот.

| ***Вид на спортски објект*** | ***Број*** | ***Состојба*** |
|---|---|---|
| Градски стадион | 1 | Функционира |
| Училишни спортски сали | 3 | Функционираат |
| Повеќенаменски спортски игралишта | 11 | Функционираат |
| Тениски игралишта | 3 | Функционираат |
| Градски базен | 1 | Функционира |

*Табела 26. Спортски објекти во општина Делчево*

| Назив | Вид на спорт |
|---|---|
| ФК "Брегалница" | Фудбал |
| "АС" | Кик боксинг |
| "Мега Бонд" | Одбојка |
| "Клубски" | Кошарка |
| СРК "ПОП" | Планинари |
| ПСК „Голак" | Планинари |
| РК „Делчево" | Ракомет |
| РК „Кирил Лазаров" | Ракомет |

*Табела 27. Спортски клубови во општина Делчево*

## УРБАНО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Подрачјето на општина Делчево во смисла на урбанизација е покриена со генерални и детални урбанистички планови, урбанистичка документација за населени места и општ акт за селата. Со донесувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање во 2005 година се јави потреба за усогласување и измена на урбанистичките планови, согласно Законот и според тоа за селата треба да се донесат урбанистички планови за села.

За градот Делчево во 1999 година е донесен ГУП со период на плански развој од 1997 до 2010 година и со него се регулира, планира и дефинира просторниот развој, организацијата и уреду-вањето на градот, границите на урбанистичкиот опфат, намената на површините и содржините на истите со зонирање со површина на урбан опфат од 403,78ха.

| ПОВРШИНА | ЕДИНЕЧНА МЕРКА (ХА) |
|---|---|
| Домување | 211,3 |
| Образование и физичка култура | 4,32 |
| Здравство | 1,79 |
| Социјална грижа | 2,46 |
| Култура | 0,92 |
| Управа и администрација | 3,45 |
| Сообраќај и врски | 19,19 |
| Зеленило, спорт и рекреација | 39,11 |
| Стопанство (терцијални дејности) | 54,78 |
| Верски објекти | 9,47 |
| Специјална намена | 5,23 |
| Останато | 51,63 |
| Вкупно | 403,78 |

*Табела 28. Намена на површините во Делчево, Извор: Одделение за урбанизам и животна средина, ЕЛС Делчево, 2006*

Индустриски зони и локации:

**А.**

| **Северна Индустриска Зона** | |
|---|---|
| Документација: | ДУП ( потребни измени) |
| Сопственост: | Фротирка, Палтекс, поранешна Гобленка, Технзавод |
| Моментална употреба: | Погони со конфекција |
| Окружување: | Пат М5 |
| Инфраструктура: | Делумно изведена |

**Б.**

| **Јужна Индустриска Зона** | |
|---|---|
| Документација: | ГУП, ДУП нема |
| Сопственост: | приватна |
| Моментална употреба: | Претпријатија од областа на градежништво, шумарство, земјоделство |
| Окружување: | Пат М5 |
| Инфраструктура: | Делумно изведена |

**В.**

| **Сервисна зона:** | |
|---|---|
| Сопственост: | приватна |
| Моментална употреба: | 7 објекти со изградени локации погодна за конфекции, дисконти |
| Окружување: | Индустриска зона, река Брегалница, близу М5 |
| Инфраструктура: | Делумно изведена |

**Г.**

| **Стопански комплекс “Долни бавчи”** | |
|---|---|
| Сопственост: | Државна |
| Моментална употреба: | 27 недоделени локации, погодни за стоваришта, занаети, МСП, индустрија, плански период 2000-2010, |
| Окружување: | Индустриска зона, близу Р533 |
| Инфраструктура: | Неизградена, во почетна фаза на |

| | |
|---|---|
| | урбанизација |

д.

| Стопански комплекс "Стублето" | |
|---|---|
| Моментална употреба: | Урбан опфат 1,6ха, плански период 2004 - 2014, погоден за сервиси, комерцијални и услужни дејности |
| Окружување: | Близу М5 |
| Инфраструктура: | Неизградена, во почетна фаза на урабнизација |

ѓ.

| ДРУГИ УРБАНИЗИРАНИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКСИ | |
|---|---|
| Бензинска станица, ЗАПАД | Урбан опфат 0,9ха со плански период 2005 -2015, |
| База - Ѕвегорска река со опфат | Урбан опфат 9,52ха со плански период од 2004 – 2014 |
| С. Град, комплекс Пилана | Урбан опфат од 2,99ха со плански период од 2004 – 2014, |

Во 2006 година е донесен ДУП за Спортско Рекреативен Центар „Голак", со кој се предвидуваат локации за разни видови објекти во функција на претварање на планината Голак во препознатлив туристички центар.

**ЗЕМЈОДЕЛИЕ**

Во голема мера населението во Делчево се занимава со земјоделство. Исто така, треба да се напомене, дека и голем број од населението, покрај постојано вработување во приватни или јавни институции, имаат и дополнителна дејност во земјоделието. Земјоделското земјиште зафаќа 46% од вкупната површина на општина Делчево. Според својата географско-топографска положба, поволни климатско-почвени услови, расположливи пасишта и ливади, општината располага со предуслови за развој на овоштарството и сточарството. Како и во поголемиот број на општини во Република Македонија, индустрискиот развој и процесот на глобализација во последната деценија водат кон силна депопулација на руралните средини. Покрај овие клучни фактори, една од основните причини за напуштањето на руралните области е и немањето на основна социјална инфраструктура за обезбедување на соодветен квалитет на живот во нив. Интересно е и тоа што во изминатите неколку години се случуваат и обратни процеси кај дел од населението, кое заради егзистенцијални потреби се враќаат во селата и се занимаваат со земјоделство, овоштарство и сточарство.

Овие земјоделци претежно се ориентирани кон земјоделски и овоштарство, производство на храна и тоа во главном за задоволување на сопствените потреби, а многу мал дел за локален пазар. Нема организиран облик на земјоделско производство, односно нема капацитет за снабдување на локалните маркети и трговци на големо освен во делот на прехранбената индустрија каде „Рудине“ АД ги снабдува маркетите со сирење и кашкавал. Воведувањето на стандарди и дефинирани процедури од една страна и немањето на доволно капацитети кај локалните производители за имплементација на овие стандарди и нивна сертификација влијае директно врз бројот на регистрирани индивидуални земјоделци и производители на храна. Интервенција на овој сектор на локално ниво, со оглед на извонредните еколошки услови, во делот на еко-производи, био-фарминг и слично ќе води кон подобрување на квалитетот на храната и зголемување на локалниот приход од земјоделието, со тенденција на ширење на пазарот. Од развојот на реафирмација на селото ќе зависи во огромна мера и развојот на градот. Тоа ќе се постигне со низа на мерки од областа на развивање на социјалната и комуналната инфраструктура во селските населби.

| | **2019** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Пченица** | **Јачмен** | **Пченка** | **Сончоглед** |
| | **Засеана површина во хектари** | **Засеана површина во хектари** | **Засеана површина во хектари** | **Засеана површина во хектари** |
| **Делчево** | 829 | 1 008 | 709 | - |

*Табела 29. Засеани површини и производство на пченица, јачмен, пченка и сончоглед Извор: ПЕ на МЗШВ, Делчево*

| | **2017** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Земјоделска површина** | **Вкупна обработлива површина** | **Ораници и бавчи** | **Овоштарници** | **Лозја** | **Ливади** | **Пасишта** |
| **Делчево** | 20 756 | 10 225 | 8 815 | 619 | 8 | 783 | 10 531 |

*Табела 30 Земјоделски површини, Извор:*
*http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=5*

| Обработливо земјоделско земјиште(приватна сопственост) | |
|---|---|
| Ораници и бавчи | 8,679ха |
| Овоштарници | 626ха |
| Лозја | 8 ха |
| Ливади | 782 ха |
| Вкупно | 10.095ха |
| Обработливо земјоделско земјиште(државна сопственост) | 683ха |

*Табела 31. обработливо земјиште во приватна и државна сопственост*

| | **2019** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Цреши** | **Вишни** | **Кајсии** | **Дуњи** | **Јаболка** | **Круши** | **Сливи** | **Праски** | **Ореви** | **Бадеми** |
| **Делчево** | 4 755 | 207 770 | 1 555 | 625 | 25 285 | 15 740 | 156 340 | 900 | 7 055 | - |

*Табела 32. Број на овошни стебла*

## ТУРИЗАМ

Делчево и воопшто регионот Пијанец има богато културно историско наследство и одлични природни локалитети за развој на туризмот. Но за жал политиката на Република Северна Македонија, најголемите туристички инвестиции да ги прави покрај водените површини, доведе до запоставување на оваа гранка во овој дел од државата. Со промената на глобалните трендови во туризмот и замирањето на масовниот туризам оваа територија добива нова можност за зголемување на туристичката понуда како би се привлекле поголем број на туристи, а со тоа би се зголемиле и приходите на локалното население и тоа преку руралниот туризам. Положбата на општината, близината со границата со Република Бугарија како и богатите планински атракции се одлични предуслови за развој на зимскиот туризам, како и на еко-туризмот. Туризмот е приоритет за развој во стратешките документи на општините. Исто така во Стратегијата за развој на Источен плански регион со акционен план (2016-2025), микро регионот е препознаен како одличен потенцијал за развој на неколку видови туризам и дефинирани се конкретни мерки и активности во тој правец.

Слабата економска развиеност, исто така претставува една од причините за недоволно развиен туризам. Други причини кои можат да се наведат како слабости или недостатоци за развој на

туризмот се слабата инфраструктура, која е на задоволително ниво само во приградските населби како и слабата иницијатива од самите мештани да направат некакви туристички капацитети со кои би се овозможило развој на туризмот. Ова е индикатор дека локалните власти треба да се вклучат како еден од главните промотери на регионот, како и да ја одиграат улогата на подигнувачи на свеста кај граѓаните за можностите и условите на општините за нивен развој.

Во поглед на иницирање на регионалната соработка за заедничка промоција, се активира процесот на брендирање на Малешевско-Пијанечкиот регион, во соработка со Општините Пехчево, Берово и Делчево. Брендот Малеш има за цел да ги заштити и промовира специфичните регионални производи и туристички услуги.

Како други неповолни фактори кој влијаат на слабата развиеност на туризмот во Пијанец треба да се спомнат: недостатокот на сместувачки капацитети, недоволната медиумска покриеност на национално и интернационално ниво, негрижа за традиционалната архитектура, слабата инфраструктура во туристичките населби, немање вештини за понуда на туристички услуги, недоволна едуцираност на сите субјекти инволвирани во туризмот, слабата промоција на археолошките локалитети, неорганизирање тури за туристи, слаба сигнализација за туристичките капацитети, реконструкција и реставрација со автентична архитектура и друго.

Пијанец е препознатлив како туристички регион, функционираат електронски туристички портали, за промоција на локалните потенцијали за развој на туризмот и специфичните локални производи. Во последните неколку години како резултат на соработката на трите општини од територијата на ЛАГ Малеш-Пијанец опремени се и функционираат Туристички информативни пунктови, кои се опремени со совремни дигитални алатки за промоција и преку кои се иницира подготовка на пакет на промотивни материјали, континуирана изградба на сместувачки капацитети, традиционалната Малешевска кујна, гостопримливост на жителите, афирмирани локални производи, негување на традицијата и на културното наследство преку организирање настани (Традиционални верски собири: Илинден и Богородица), саем на локални производи и изработка на традиционални ракотворби. Во текот на 2017-2019 година со партнерска соработка меѓу општините од територијата на ЛАГ, подготвени се заеднички промотивни материјали, билборди во трите града и мапирани се атрактивни локалитети интересни за посетителите. Последните години се зголемуваат бројот на објекти и сместувачки капацитети, како и придружни содржини кои ја зголемуваат атрактивноста на општината.

Има добри природни ресури (шуми, вода, еколошка средина, воздух), организација на рели со џипови (кое се организираше во минатото), организирање на велосипедски настани, искористување на фондовите (ЕУ фондови) за развој на туристичкиот сектор, можност за археолошки истражувања, промоција на регионот како дестинација за конгресен и семинарски туризам, побрзо и полесно обезбедување на дозволи за реставрирање на културни објекти, организирање и учествување на национални и меѓународни манифестации (културни, информативни, спортски....), добри климатски услови за време на летниот период (поладни температури), богата историја со верски и културни објекти, урбанизација на туристичката област околу вештачкото езеро, традиционално одржување на настани за производи и ракотворби, збогатување на турис-

тичката понуда со културни настани, развој на селски туризам и алтернативни форми на туризам, соработка со тур - оператори, и туристички агенции од земјата и странство, подобрување на културно/забавниот /спортскиот живот, организирање на туристичка понуда за Спортски лов и риболов.

Споредбено со другите општини во микрорегионот, Делчево располага со најголем број на угостителски капацитети, меѓутоа со најмал број на сместувачки капацитети . Од табелите може да се види дека бројот на легла, како и бројот на вработени во овој сектор се зголемува.

| **Општина** | **Угостителски објекти** | | **Број на седишта** | | **Површина на објектите** | | **Број на вработени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | $m^2$ | % | Вкупно | % |
| Делчево* | 39 | 0.82 | 2099 | 1.09 | 3330 | 0.98 | 110 | 0.68 |
| Делчево** | 39 | 0,89 | 2 081 | 0,94 | 4 078 | 0,86 | 130 | 0,66 |

*Извор: *"Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија, 2008", Државен завод за статистика на РМ,*

***Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија, 2016", Државен завод за статистика на РМ,*

*Табела 33. Број на угостителски капацитети во рамки на микрорегионот*

| **Општина** | **Угостителски објекти** | | **Број на соби** | | **Број на легла** | | **Површина на објектите** | | **Број на вработени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | $m^2$ | % | Вкупно | % |
| Делчево* | 3 | 0.62 | 72 | 0.44 | 282 | 0.62 | 1200 | 0.12 | 13 | 0.24 |
| Делчево** | 4 | 0,70 | 59 | 0,34 | 161 | 0,35 | 1 205 | 0,13 | 28 | 0,40 |

*Извор: *"Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија, 2008", Државен завод за статистика на РМ,*

***Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија, 2016", Државен завод за статистика на РМ,*

*Табела 34. Број на сместувачки капацитети во микрорегионот*

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

Граѓанскиот сектор во Делчево е доста развиен, иако на територијата на општината има над 100 регистрирани организации, околу 15-тина активно работат и спроведуваат проекти. Со цел да се зацврсти и унапреди соработката на Општината со граѓанските организации,

Општина Делчево три години по ред врши распределба на средства од Буџетот на Општината наменети за финансиска помош на здруженија на граѓани и спортски здруженија преку транспарентен процес. За продлабочување на оваа соработка развиена е и Стратегија за соработка на Општина Делчево со граѓанскиот сектор (2019-2020) [10].

| ДЕЛЧЕВО<br>DELCEVO | **Име на здружение на граѓани** | **Лице за контакт** | **Телефон** | **Е-адреса** | **Општа цел** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Name of the civil association** | **Contact person** | **Telephone** | **e-mail address** | **General goal** |
| | Регионален центар за застапување | Тони Стоименовски | +38971373193 | rczdelcevo@gmail.com<br>tstoimenovski@sonet.com.mk | Застапување и поддршка на НВО секторот и европско образование |
| | Regional advocacy center, Delcevo | Toni Stoimenovski | | | Advocacy and support of the NGO sector and European education |
| | ХДЗР “КХАМ“ | Зекир Абдулов | 071 215 357 | nvokhamdelcevo@gmail.com | Подигање на едукативното ниво на Ромите |
| | HCOR “KHAM“ | Zekir Abdulov | | | Raising the education level of Roma population |
| | ЗРА “Пијанечки глас“ | Перса Стојановска | 070 917 038 | glas_pijanecki@yahoo.com | Култура |
| | ALA “Pijanecki glas“ | Persa Stojanovska | | | Culture |
| | ХЗГ “Бравура Кооператива“ | Александар Николов | 078 349 673 | bravuracooperativa@yahoo.com | Помош на лица со посебни потреби |
| | HCA“ Bravura Kooperativa“ | Aleksandar Nikolov | | | Help for persons with special needs |
| | ЕД “Дождовник“ | Љупчо Петровски | 075 436 918 | dozdovnik@yahoo.com | Екологија |
| | EA “Dozdovnik“ | Ljupco Petrovski | | | Ecology |
| | ЗГ “Аронија“ | Фиданчо Христов | 075 598 206 | aronija_delcevo@freemail.com.mk | Органско земјоделие |

[10] https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/strategija_sorabotka_so_gragjanski_sektor_2019_2022_1.pdf

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | СА “Aronija“ | Fidanco Hristov | | | Organic agriculture |
| | КУД “Гоце Делчев“-Делчево | Зенил Реџепов | 070 537 544 | kud_goce_delcev@yahoo.com | Култура и традиција |
| | CAA “Goce Delcev“-Delcevo | Zenil Redzepov | | | Culture and tradition |
| | СРК “ПОП“ | Зоран Поповски | 033 411 666 | zg_pop@mt.net.mk | Спорт и рекреација |
| | SCA“ POP“ | Zoran Popovski | | | Sport and recreation |
| | РКЕЦ „Тернипе“ | Ермина Реџепова | 071428562 | ternipemk@gmail.com | Интеграција на Роми |
| | ЗМ „Локален младински совет “ | Димитар Димитровски | 076279048 | lmsdelcevo@gmail.com | Застапување на млди |
| | ЗГ „АЗМ “ | Кирчо Анастасов | 079329300 | Youthaction.de@gmail.com | Поттикнување на младинскиот активизам |

**МЕДИУМИ ЗА МАСОВНА КОМУНИКАЦИЈА**

Средствата за масовна комуникација во современите општествени промени, особено во ерата на глобализацијата која е потпомогната со техничко-технолошката експанзија и масовната култура, се повеќе заземаат централно место во формирањето на јавното мислење за низа значајни прашања од општествено-политичкиот, економскиот и културниот живот. Иако за разлика од пред една деценија во Делчево намален е бројот на традиционални медиуми како што се телевизија, радио и весници, сепак се зголемува бројот на електронски онлајн медиуми. Делчево нема локална телевизија, но преку допсиници содржини од општината може да се најдат на двете регионални телевизии ТВ Стар и ТВ Ирис кои се со седиште во Штип. Во поглед на националните медиуми од градот има дописник само за Македонската информативна агенција додека за националните телевизии не е формирана дописничка мрежа.  Од останати медиуми кои се со седиште во општината функционира локалното радио Радио „Зора“ и локалните портали „Делчево365“, „Брегалнички“ и „Делчево Денес“.

**ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ**

Општина Делчево  долги години успешно ја негува соработката како со збратимените градови така и со други градови – општини од странство: Благоевград (Бугарија), Невестино (Бугарија), Разлог (Бугарија) и Тернопил (Украина). Со градовите Симитли и Благоевград од Бугарија и Јагодина од Србија, општина Делчево е збратимена уште  во првата половина на осумдесетите години, но за тоа не постојат официјални податоци. Општина Делчево е членка на Еврорегионот Морава-Пчиња-Струма и  Светската урбана алијанса На патот на свилата.

| **Град** | **Држава** |
|---|---|
| Симитли | Бугарија |
| Жирардов | Полска (2002) |

| | |
|---|---|
| Благоевград | Бугарија |
| Валени де Мунте | Романија (2015) |
| Фелшожолца | Унгарија (2012) |
| Борнова | Турција (2004) |
| Јагодина | Србија |
| Вижгород | Украина (2002) |
| Горажде | Босна и Херцеговина (2018) |

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


- Статистички годишиници, Државен завод за статистика
- Профили на општините во Македонија, УНДП, 2004
- Малеш и Пијанец, МАНУ, 1985
- Пијанец, Петар Намичев, 2002
- Локален Еколошки Акционен План на општина Делчево, 2017-2020г.
- Студија за локален стопански развој на општина Делчево,
- Генерален урбанистички план на општина Делчево
- Статут на општина Делчево 2013
- СТРАТЕГИЈА ЗА НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 2020 -2024
- Стратегија за климатски промени на Општина Делчево (2016 – 2026)
- ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 2019-2021
- Урбана ревизија, Делчево 2020
- Информации и податоци од ПЕ на МЗШВ
- Информации и податоци од ПЕ на Министерство за труд и социјална политика
- Информации и податоци од Агенција за вработување на РМ, Центар за вработување, Делчево
- Аналитична информација за шумите на општина Делчево и М.Каменица до 31.12.2004 година – 50 год. работа и постоење на шумско стопанство „Голак" Делчево – 1951 до 2002 година, Асен Давитков
- Интерни документи на Одделение за уредување на градежно земјиште, ЕЛС Општина Делчево
- Податоци од Управа за јавни приходи, Делчево
- Податоци од Регионален Центар за Застапување, Делчево
- Интерни податоци од Централен регистар, Делчево
- Податоци од НУЦК „Н.Ј.Вапцаров", Делчево


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

- ЕЛС (Единица на локална самоуправа)
- ЈП (Јавно претпријатие)
- АВРМ (Агенција за вработување на Република Македонија)

- ГУП (Генерален урбанистички план)
- ДУП (Детелен урбанистички план)
- ЛЕР (Локален економски развој)
- МЗШВ (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство)
- ПЕ (Подрачна единица)
- БАС (Business attitude survey, Анкета за оценка на деловното окружување)
- ЈУ (Јавна установа)
- НУЦК (Национална установа центар за култура)
- ЈЗУ (Јавна здравствена установа)
- ЈПКД (Јавно претпријатие за комунални дејности)
- ДОО (Друштво со ограничена одговорност)
- ДООЕЛ (Друштво со ограничена одговорност на едно лице)
- ТП (Трговец поединец)
- ОЈУДГ (Општинска јавна установа детска градинка)
- СОУ (Средно општинско училиште)
- ОУ (Основно училиште)
- АД (Акционерско друштво)
- ЗГ (Здружение на граѓани)
- СРЦ (Спортско-рекреативен центар)
- НКВ (Ниско квалификувани)
- ПКВ (Полуквалификувани)
- ССО (Средно стручно образование)
- ВШО (Вишо образование)
- ВСС (Висока стручна спрема)
- УНДП (United Nations Development Program, Програма на Обединетите нации за поддршка на развојот)

# 1. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Методологијата со која е изработена Стратегијата за локален економски развој за Општина Делчево ги следи: Генералната Методологија на изработка на Стратегија за локален економски развој, *Предлог Насоките за стратешко планирање во единиците на локалната самоуправа* подготвени од Владата на Република Македонија, Генералниот Секретаријат на Владата на РМ и Министерството за локална самоуправа на РМ, е усогласена со сите тековните релевантни европски, национални и локални стратешки документи. Дополнително, Методологијата за изработка на Стратегијата за локалниот економски развој за Општина Делчево ги инкорпорира карактеристиките, расположливите ресурси, потенцијалите, компаративните предности, можностите, преференциите и очекувањата на локалната заедница во областа на локалниот економски развој на Општина Делчево.

Стратешкото планирање за локален економски развој на Општина Делчево претставува темелна алатка за планирање на развојот на општината, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој.

Стратегијата за локален економски развој на Општина Делчево е комплексна и се однесува на одржливиот развој и функционирањето на општината и ги опфаќа сите битни прашања на локалната заедница, вклучувајќи и прашања од меѓусекторско значење (како на пример економски развој, земјоделието и овоштарството, социјална инклузија, заштита на животната средина итн.).

Стратегијата за локален економски развој ќе овозможи создавање на стопански амбиент кој ќе се базира на искористување и мобилизација на постојните ресурси во одделните општини, чија круцијална компонента е креирање визија и приоритетни насоки во функција на интегралниот локален економски развој.

Според првичните истражувања, спроведени специјално во функција на подготовката на Методологијата за изработка на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Делчево, покрај погоре наведеното, ќе биде потребно да се посвети посебно внимание на следните области:

# 2. СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ (ЦЕЛИ) НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**1. Инфраструктура**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Обезбедување на чиста вода за пиење
- Пречистителна станица за отпадни води
- Паркинг за тешки товарни возила
- Доврушувње на експресниот пат Кочани – Делчево
- Регулација на коритеот на река Брегалница
- Решавање на проблемот со водоснабдување на Голак
- Донесување на нов ГУП
- Издвојување на атмосферската од фекалната канализација
- Проширување на ГУП и ДУП на Голак
- Нови сообраќајни решенија, со цел намалување на сообраќајните гужви
- Изградба на нов градски пазар
- Изградба на нова детска градинка
- Реконстукција на улици во стариот дел на градот
- Преадаптација на постојниот, или изградба на нов, градски музеј
- Реконструкција на основни и средни училишта
- Бараки за социјалните случаи
- Изградба на покриен базен

**2. Животна средина**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Велосипедски патеки
- Паркинзи за велосипеди
- Решевање на проблемот со дивите депонии
- Селекција на отпад
- Поставување на мерна станицва за амбиеталниот воздух
- Анализа на почвата за користење на пестициди
- Тековно одржување на парковии игралишта

**3. Туризам**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Поголема афирмација и промоција
- Креирање на туристичка понуда

- Овозможување на пристап до туристичките локации
- Уредување на туристичките локации

**4. Култура**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Промоција на движното и недвижно културно наследство
- Организирање на настани и одбележување на клучни датуми поврзани со историското минато

**5. Образование**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Подобрување на условите за спроведување на образовниот процес во општина Делчево
- Спроведување на истражување помеѓу младите за потреба и отварање на нови струки во средното образование
- Подготовка на програми за професионална пракса на ученици во средното образование
- Промоција на волонтерство

**6. Економија**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Дефицит на одредени струки, барани на пазарот на труд
- Нови профили/паралелки во училиштата
- Стипендирање на талентирани ученици и студенти

**7. Здравство и социјала**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Подобрување на условите за здравствена заштита (човечки и материјални)
- Преземање на мерки и активности за справување со заразни болести
- Креирање на мерки и активности за справување со социјалните предизвици и поддршка на социјално ранливите категории

**8. Спорт и рекреација**

*Клучни приоритети и проекти:*

- Подготовка на среднорочна програма за стопанисување и управување со спортски об-јекти

- Поддршка и промоција на спортот на локално ниво

### 9. Јакнење на внатрешните капацитети на ЕЛС

*Клучни приоритети и проекти:*

- Консултантски услуги од ЕЛС кон БС
- Развојот на земјоделството (негово осовременување со техничка опременост и зајакнување на човечките ресурси)
- Производството на слива, вишна и други овошни култури
- Транзитниот, руралниот и алтернативниот туризам
- Развој на прехрамбено - преработувачката индустрија
- Развојот на лесната незагадувачка индустрија
- Развојот на малите и средните претпријатија
- Развојот на сточарството, производство на месо, јајца, риба
- Производството на мед

## 10. Рурален развој

Рурален развој е процес на подобрување на квалитетот на живот и економска благосостојба на луѓето кои живеат во релативно изолирани и ретко населени области. Руралниот развој традиционално е фокусиран на интензивно искористување на земјиштето и природните ресурси. Меѓутоа, промените во глобалните мрежи на производство и зголемувањето на урбанизацијата го сменија ликот на руралните средини. Активностите за рурален развој, главно се насочени кон социјален и економски развој на руралните средини. Програмите за рурален развој обично се планираат и спроведуваат од врвот надолу и тоа од локалните и регионалните власти, агенциите за регионален развој, невладините организации, националните влади и меѓународните организации за развој. Локалното население, исто така, може да придонесе со сопствени иницијативи за развој. Терминот не е ограничен само на прашања за земјите во развој. Всушност, многу од развиените земји имаат многу активни програми за рурален развој. Владините програми вообичаено имаат главна цел како да се развијат неразвиените области и села. Процесот на развој на земјоделството и руралните средини во целата држава предвидува голем број на активности чија цел е создавање инструмент за поддршка на рамномерен и одржлив рурален развој во Македонија преку локалните стратегии за рурален развој, елаборирани и имплементирани со вклучување на локалните рурални засегнати страни. Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 година го дефинира стратешкиот пристап во областа на земјоделството и руралниот развој на кој се базира поставувањето и спроведувањето на целите, политиките и мерките за развој на земјоделството и руралните средини во Република Северна Македонија. Врз основа на одлуката на Владата на Република Северна Македонија, земјоделството е класифицирано како еден од приоритетите на владините економски политики и е предмет на доделување на значително повисоки средства наменети за овие политики со континуирано зголемувачки износ на годишна основа.

Позитивниот нагорен тренд на издвојувања во земјоделството и руралниот развој продолжува, и покрај различните негативни влијанија и трендови на глобално ниво на кои објективно Општина Делчево и ресорните Министерства на централно ниво не се во состојба да влијаат.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој напоменува дека структурните проблеми во областа на руралниот развој се групирани во следните неколку дефинирани и потврдени стратешки состојби кои негативно влијаат на напорите за остварување на зголемен рурален развој:

- Малите и фрагментирани земјишни парцели;

- Недоволната техничко - технолошка опременост која е резултат на долгиот период на дезинвестирање;

- Несоодветната сортна и расна производна структура;

- Лоша старосна и полова структура на руралното население.

Покрај овие неколку стратешки фактори, постојат и одредени локални влијанија кои исто така придонесуваат за намалување на можностите кои се нудат на локално ниво. Креаторите на документов сметаат дека такви се:

- Лошата патна и комунална инфраструктура;

- Депопулацијата на руралните средини како во насока село-град така и поради економско социјални причини и тренд на интензивна економска миграција од земјите на Југозападен Балкан кон развиените земји членки на Европската унија;

- Незадоволителна состојба на објектите во кои се реализира образованието на децата;

- Незадоволителна состојба на објектите во кои се даваат здравствени услуги;

- Релативната сложеност на процесите за добивање на грантови од програмите за помош на земјоделството и руралниот развој;

- Немањето на иницијатива кај локалното население особено кај индивидуалните производители на земјоделски и сточарски производи;

- Слабата организираност на индивидуалните производители за заеднички настап пред институциите кои ги раководат ЕУ програмите за рурален развој. Во периодот помеѓу 2014 и 2015 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство направи напори за да ја оддржи достапноста на фондови за земјоделството и руралниот развој преку ИПАРД програмата и овие напори резултираа со продолжување на програмата преку ИПАРД-2 која стартуваше во 2016 година. Овие напори на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство можат да претставуваат една од основите за успешно реализирање на оваа Стратегија поради тоа што се дефинирани извори на средства за финансирање и развој, односно ИПАРД-2 програмата.

Секако треба да се напомене дека локалните и националните извори на финансирање не се единствената можност. Оваа Стратегија предлага и алтернативни процеси кои би можеле да допринесат во вкупниот развој на Општина Куманово, не само во областа на руралните активности, туку и во областа на останатите општествени сегменти, урбанистички и економски гранки и аспекти.

## 3. ПРИРОДНИ РЕТКОСТИ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Природните реткости се дел од природното наследство на една држава. Природно наследство се делови на природата и локалитети кои се состојат од геолошки, физичко-географски или биолошки формации или група на такви формации, кои имаат исклучителна вредност од естетска, конзервациска или научна гледна точка. Природно наследство може да биде: заштитено подрачје, строго заштитен или заштитен див вид, карактеристични минерали и фосили, спелеолошки објекти или природна реткост. Кај нас, природните реткости се уредуваат според Законот за заштита на природата. Па, според него како природни реткости можат да бидат прогласени одредени ретки, загрозени и ендемични, растителни и животински видови, нивни делови и заедници, релјефни форми, геолошки профили, палеонтолошки и спелеолошки објекти. Релјефни форми, геолошки профили, палеонтолошки и спелеолошки објекти, можат да бидат прогласени за природна реткост доколку нивната површина е помала од 100 хектари. Целта на природните реткости е заштита на важните локалитети во државата.

Една од стратешките цели на општина Делчево е да ги заштита и развива природните реткости на територијата на општината и истите да ги стави во функција на туризмот.
До сега заштитени се следните подрачја:

### 3.1 РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КИСЕЛИЧКА ПЕШТЕРА ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ

**„Службен весник на РМ“ бр: 174/2019 од 22.08.2019**

**Влегува во сила на: 23.08.2019**

**Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Врз основа на: ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

### 3.2 РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПАЛЕОНТОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ - СТАМЕР ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ

**„Службен весник на РМ“ бр: 217/2019 од 21.10.2019**

**Влегува во сила на: 22.10.2019**

**Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Врз основа на: ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

## 3.3 РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КАРАКТЕРИСТИЧЕН ГЕОЛОШКИ ПРОФИЛ - ЗВЕГОР ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ

**„Службен весник на РМ“ бр: 205/2019 од 07.10.2019**

**Влегува во сила на: 08.10.2019**

**Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Врз основа на: ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

### Причини за избор на наведените области

Без намера да се прејудицираат областите на идниот локален економски развој на територијата на Општина Делчево, а во функција на објаснување на претходно наведените можни области, по извршено прелиминарно експертско скенирање, утврдено е следното:

Со децении наназад општина Делчево го има епитетот на општина во која е доминантно производството на овошни култури ккао што се слива и вишна, прехранбената индустрија, како и транзитниот туризам пред сѐ заради местоположбата на самата општина. Во Општина Делчево е сместена фирмата „Рудине“, која располага со голем број на насади од слива и вишна како и фабрика за производство на млечни производи ккао што се сирење и неколку видови на кашкавал. Покрај оваа фирма постојат и неколку мали претпријатија кои се занимаваат со производство на слива. Одличната географска местоположба, сообраќајните комуникации, близината на границата со Р Бугарија, плодното земјиште, пасиштата, достапноста на вода за наводнување од реката Брегалница и неколкуте вештачки акомулации се потенцијалите кои можат да овозможат развој на земјоделството, фармерството, производството на сточна храна, преработувачката и прехранбената индустрија.

Општина Делчево е позната по производството на квалитетна слива, исто како и производството на вишна. Аграрот има перманентна поддршка од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој преку обезбедување субвенции за производителите. Активните мерки кои ги нуди ИПАРД програмата. Производство на квалитетно месо и мед се области на кои перманентно се посветува значајно внимание и кои нудат одлични можности за понатамошен развој.

Општина Делчево отсекогаш била позната како локација со традиционално и срдечно гостопримство, со развиен планински и транзитен туризам. Ова особено беше карактеристично пред почетокот на пандемијата кога во општината и поширокиот регион се по присутни беа гостите од соседна Бугарија. Транзитниот, планинскиот, руралниот и алтернативниот туризам се области на кои треба да се посвети посебно внимание со оглед на местоположбата на Општина Делчево. Особено важен сегмент во развојот на туризмот во Општина Делчево е промовирањето на руралниот туризам и здравата храна, како и близината на палеонтолошкото наоѓалиште Стамер. Големиот број цркви, манастири, богатата историја, природните реткости, се можности кои треба да се искористат при развојот на туризмот во Општина Делчево.

Општина Делчево располага со доволни ресурси, знаење и квалитетна работна сила за реализирање на насоките кои би се добиле од Стратегијата за локален економски развој.

## 4. ПРИНЦИПИ НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Процесот на изготвување на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Делчево, со Акциски план, за периодот 2021-2025 година се заснова на следниве четири основни принципи:

- **Предлог на вредности.** Стратегијата и Акцискиот план треба да понудат предлог-мерки и активности кои ќе создаваат нова вредност, препознатлива од чинителите и објективно мерлива. Овие вредности треба да одат во насока на правење крупен, позитивен исчекор во развојот на Општина Делчево.
- **Идентификација на клучните надлежности и способности.** Предлогот на вредности треба да е силно поддржан од соодветни способности и вештини на носителите и корисниците на конкретните мерки и активности вградени во Стратегијата и Акцискиот план.
- **Посветеност на менаџментот на сите партнери-учесници во изработката и реализацијата на Стратегијата и Акцискиот план.** Идентификацијата на предлог-вредностите, поединечните надлежности и способности на секој од партнерите се основа на процесот на изготвување и реализација на Стратегијата и Акцискиот план, со зацртани цели и идентификувани главни мерки и активности како истите да се реализираат. Но сето тоа не е возможно без огромна посветеност на лидерите и менаџментот на сите партнери-учесници во процесот.
- **Мерење на степенот на остварување на Стратегијата и Акцискиот план.** Значаен дел од Стратегијата и Акцискиот план ќе биде мерењето на напредокот во нивната реализација

во однос на предвидената динамика. Ова е значајно, како заради добивањето на повратна информација на одговорните за реализација на самата стратегија во поглед на задржување на однапред планираните активности и нивната динамика, така и во поглед на тоа колку се достижни зацртаните цели и какви евентуални прилагодувања и измени на Стратегијата и Акцискиот план е потребно да се направат.

Дополнително, процесот на изготвување на Стратегијата и Акцискиот план ги зеде предвид и се темелеше на:

- Партнерска вклученост на сите чинители во постапката на изработка на Стратегијата и Акцискиот план;
- Јасно дефинирани и релевантни цели;
- Одржливост на предвидените цели, мерки и активности;
- Остварливост на целите;
- Временско ограничување на мерките и активностите;
- Транспарентност на постапката.

## 4.1 ОСНОВНИ АКТИВНОСТИ НА ПРОЦЕСОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Процесот на изготвување на Стратегијата и Акцискиот план се реализираше преку следниве структурирани активности:

- изработка на анкетни прашалници за одделните целни групи
- одржување работни состаноци во Општина Делчево. Иницијалните состаноци се планирани со Градоначалникот и вработените задолжени за ЛЕР и финансии, со цел остварување партиципативен пристап при креирање стратешки документи и општински политики, одредување контакт лице задолжено за комуникација, обезбедување на потребните влезни информации, заедничко организирање работни средби со целните групи со економскиот оператор при изработката на стратегијата,
- спроведување теренско истражување со примена на: анкети, интервјуа
- изработка на SWOT анализа за Општина Делчево
- анализа на постојната планска документација – стратешки планови за локален економски развој, акциони планови како и друга релевантна документација кои дадоа релевантна информативна база за досегашните планови во доменот на ЛЕР и идентификација на: целните групи на локалната заедница и пошироко, нивните очекувања, проблеми и визии за иднината
- одржување одделни работни средби со претставници на целните групи (граѓани, НВО сектор, бизнис сектор, земјоделци, туристички работници итн.) и добивање информации за нивните идеи и очекувања од идниот локален економски развој (примена на партиципативен пристап при креирање локални политики);
- утврдување и дефинирање на приоритетните стратешките области;

- идентификување и дефинирање на Мисијата и Визијата на општината;
- утврдување на стратешките приоритети по области и цели кои го дефинираат развојот на општината и се насочени кон остварувањето на визијата;
- утврдување на предлог проектите (иницијативите) што треба да бидат реализирани поради остварување на предвидените резултати во дефинираните приоритетните области;
- дефинирање на индикаторите за успешност според кои ќе се мери напредокот во одредена област;
- обезбедување на цврста поврзаност на стратешкиот план и буџетот на единицата на локалната самоуправа, односно планираните расходи и приходи;
- Дисеминација на добиените резултати од спроведените активности, односно на состојбите и перспективите на локалниот економски развој во Општина Делчево;
- Оваа активност вклучи една работилница, која беше одржана со претставници на локалните авторитети (Градоначалник и други одговорни лица од општината), претставници на локалната економија, потенцијални претприемачи, претставници на здруженија на граѓани и други релевантни учесници. Целта на оваа работилница беше идентификацијата на клучните цели и активности кои беа вградени во Стратегијата на Општина Делчево;
- изработка на прва нацрт верзија на Стратегијата за ЛЕР;
- работни состаноци со Градоначалникот, вработените задолжени за ЛЕР и финансии и целните групи опфатени при креирањето на Стратегијата, со цел презентирање на изработената Нацрт верзии на Стратегијата за ЛЕР пред надлежните авторитети и засегнатите страни – граѓански здруженија, претприемачи и претставници на локалната економија, претставници на советите на општините, во функција на добивање мислења за првично изработените Нацрт верзија на Стратегијата, како и идеи за нивно подобрување. Оваа активност цели да го олесни и овозможи процесот на прифаќање и усвојување на Стратегијата од страна на сите надлежни страни;
- анализирање на добиените идеи за подобрување на Нацрт Стратегијата, прифаќање на издржаните и применливи идеи;
- изработка на финална Стратегија за локален економски развој;
- Презентација на финалните стратегии пред Советот на општина Делчево, градоначалниците и вработените во одделите за ЛЕР, Финансии, Урбанизам, Општи и правни работи и Човечки ресурси.

## 4.2 УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ

Стратегијата за локален економски развој на Општина Делчево е изработена во партиципативен процес во кој беа опфатени поголем број учесници, разни целни групи. Пред сѐ, поддршка и потребните информации се добиени од Градоначалникот на Општина Делчево, потоа вработените во одделението за локален економски развој и вработените од останатите Одделенија во Општина Делчево. Вредни и значајни се информациите, ставовите и идеите за локалниот економски развој во општината добиени од граѓаните и биз-

нис секторот преку спроведената онлајн анкета, вработени во поголем број локални институции и претставниците од НВО секторот.

И покрај сите преземени активности не можеме, а да не ја забележиме состојбата со пандемијата која беше причина за помал број работилници и фокус групи со заинтересираните страни преку организирање на непосредни средби и дискусии.

## 4.3 SWOT АНАЛИЗА ЗА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| -Добра местоположба<br><br>-Инфраструктурно поврзана со околните општини во земјата и со Р.Бугарија.<br><br>-Поволни климатски услови за развој на земјоделие<br><br>-Еколошки чиста средина<br><br>-Постоење на индустриски зони<br><br>-Компјутерски вештини, познавање на странски јазик и менаџмент со човекови ресурси<br><br>-Мерки за самовработување преку АВРМ и други донатори<br><br>-Постоење на инфраструктура како основа за изградба на угостителски капацитети и трговски и сервисни услуги и информативни пунктови | - Недостаток на квалификувана работна сила<br><br>-Спор процес на донесување на урбанистички планови<br><br>-Слаба промоција на општината<br><br>-Слаба искористеност во туристички цели<br><br>-Неизградена Комунална инфраструктура на планината Голак и руралните средини.<br><br>-Слаба искористеност на културното наследство за туристички посети и привлекување на туристи. |

| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
|---|---|
| -Здружување на земјоделците<br>-Брендирање на специфични гастрономски продукти<br>-Добра земјоделска пракса<br>-Развој на стари традиционални занаети<br>-Креирање на меѓуопштински дистрибутивен центар со соседните општини<br>-Органско производство<br>-Проширување на производствени капацитети на постоечките стопански капацитети, можност за креирање нови работни места<br>-Современ тренд во Светот за посета на средини со рурални карактеристики, микролокации со специфична понуда и еко-туристички локалитети<br>-Вклучување во меѓународна мрежа на атрактивна туристичка понуда од алтернативен вид<br>Превенирање на загадувачи на животната средина | -Ограничен пристап до финансиски средства и можност за задолжување;<br>-Намален наталитет<br>-Миграција на млади и образувани кадри<br>-Незапирлив процес на депопулација<br>-Ограничен пристап до финансиски средства и можност за задолжување;<br>-Честа промена на законската регулатива во<br>областа на урбанистичко планирање<br>-Намалена фрекфентност на патници и туристи по меѓународниот пат за Р.Бугарија за време на пандемија<br>-Нерешени политички недоразбирања на меѓународен план<br>-Слаба вклученост во меѓународни проекти од областа на транзитниот туризам<br>-Деградација на околината каде се лоцирани споменициите<br>-Појави на нелегални ископувања и нелегална трговија со културно наследство<br>-Недостаток на средства за конзервација и ревитализација на културното наследство<br>-Неконтролирано ископување на минерални суровини со поебен осврт на река Брегалница<br>-Неконтролирано сечење на шумите |

# 5. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 5.1 ВИЗИЈА

Делчево е општина која нуди еднаквите можности за просперитет на своите граѓани, со развиено функционална инфраструктура и општина со еколошки чиста средина.

## 5.2 МИСИЈА

Општина Делчево ќе ја оствари својата визија за локален економски развој преку:

- Развој на земјоделието и алтернативниот туризам
- Обнова и санација на дотраената патна инфраструктура
- Развој на комуналната инфраструктура во населените места и индустриските зони;
- Подобар квалитет на социјалните услуги – детски градинки, здравствени установи, културни установи и сл.

## 5.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

За да се достигне посакуваната состојба преточена во визијата на оваа Стратегија, потребно е да се исполнат неколку предуслови:

Политика на општина Делчево кон прашањата од областа на локалниот економски развој мора да продолжи да ги издига овие прашања високо на листата на свои приоритети. При тоа, таа треба и натаму да е партиципативна, проактивна и визионерска.

Да се исполнат следниве главните Стратешките цели:

1. Континуирано подобрување на инфраструктурата
2. Привлекување на инвестиции од странски и домашни инвеститори
3. Поттикнување на можностите за отворање нанови мали бизниси и самовработување
4. Развој и подобрување на образованието
5. Поддршка на граѓанскиот сектор
6. Поддршка и развој на спортот
7. Поддршка на руралниот развој
8. Поддршка на младите
9. Поддршка на земјоделците и овоштарите

## 6. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за локален економски развој на општина Делчево е со траење во период од 5 години (2021-2025 година). За нејзиното имплементирање ќе се грижи општина Делчево, односно Секторот за локален економски развој, заедно со другите сектори во општината.

Стратегијата е резултат на спроведената анализа на примарните и секундарните податоци, резултатите од работните групи составени од претставници на јавниот, приватниот и невладиниот сектор и во неа се вградени нивните перцепции за актуелната состојба во општината, нивните потреби и очекувања за поддршка и правците на локален економски развој, како и подготвеноста на општина Делчево да излезе во пресрет на нивните барања.

За успешна имплементација на оваа Стратегијата за локален економски развој на општина Делчево особено е важно да се обезбедат потребните ресурси, а пред се финансиски средства предвидени во Акцискиот и Финансискиот план. За таа цел, потребно е општината да ги планира средствата потребни за реализација на проектите од Акцискиот план во своите годишни буџети, со кои ќе се обезбедат потребните средства наменети за реализација на проектите.

Покрај финансиски средства, неопходно е да се зајакне капацитетот на општинската администрација за прашања од областа на мали и средни претпријатија и претприемништво, како со кадри кои ќе се бават исклучиво со оваа проблематика, така и со стекнување знаења и вештини од областа на раководење со проекти, Европски програми и фондови за МСП и претприемништво, и слично.

Општина Делчево, имајќи предвид дека голем број од проектите во Акцискиот план имаат повеќе извори на финансирање (заради неможноста на општината самостојно да ги обезбеди сите потребни средства за реализација на целокупната Стратегија), потребно е проактивно, плански и во соработка на сите чинители на локалниот економски развој во општина Делчево, а под координација на Одделението  за локален економски развој и Секторот за финансии, да работи на изнаоѓање финансиски средства од други извори (домашни и меѓународни организации, развојни агенции, европски и други фондови, и др.) за реализација на оваа Стратегија.

Веднаш по усвојувањето на оваа Стратегија потребно е Општина Делчево, заедно со останатите учесници во процесот, да пристапи кон подготовка на проектна документација за распишување на повици за изведувач за секој поединечен проект вграден во Акцискиот план.

Ревизија на Стратегијата ќе се прави од страна на внатрешна ревизија, еднаш годишно за времетраењето на Стратегијата и на крајот од периодот за кој истата е изработена.

## 7. ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Спроведувањето на Стратегијата за локален економски развој на Општина Делчево, се предвидува за периодот од 2021-2025 година, односно динамиката на спроведувањето ќе биде на годишно ниво во овој период. Динамиката ќе биде во согласност со годишните програми за работа на секторите/одделенијата и ЈП кои ќе се изработуваат и кои ќе ги содржат конкретните активности кои произлегуваат од стратешките цели и акции на овој стратешки план. Годишните акциони планови ќе бидат со одредена временска динамика, елементи на потенцијални партнерства, како и предвидени средства и извори на финансирање дефинирани во буџет на секој акционен план. Програмите ќе бидат усвојувани од страна на Советот на Општината. Управување и координација на активностите Предлагач на Стратегијата за локален економски развој на Општина Делчево е Градоначалникот, кој ја предлага во предлог верзија до Советот на Општина Делчево. Носител на следењето и координацијата на активностите од оваа стратегија, како и носители на имплементација на активностите кои ќе произлезат од стратегијата ќе биде Градоначалникот со раководителите на сектори и одделенија и на ЈКП „Брегалница“. Овој документ со стратешко значење, дава можности за вклучување на многубројни субјекти кои ќе ги имплементираат активностите во партнерства или поединечно (локални здруженија на граѓани, локални претставници од бизнис секторот, подрачните единици на министерствата, урбани и месни заедници и други субјекти) кои имаат надлежности во сите сфери кои се од интерес за локалниот и регионалниот развој.

## 8. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Општинската администрација (Одделението за Локален економски развој) во соработка со останатите општински служби ќе бидат одговорни за следење и евалуација на имплементацијата на Стратегијата за локален економски развој на Општина Делчево. Одделението на ЛЕР ќе изготвува годишни извештаи за постигнатите резултати од имплементацијата на активностите од стратегијата и истите ќе ги доставува до Градоначалникот и Советот на Општината. Извештаите за достигнувањата во претходната година ќе се разгледуваат од страна на Советот во секој прв квартал (јануари – март) во наредната година. Финансирање на стратегијата За имплементација на активностите од овој стратешки документ потребно е предвидување на финансиска и техничка поддршка од страна на Буџетот на Општината, од страна на Буџетите на институциите инволвирани и надлежни за оваа област, но и од надворешно финансирање и донации посебно предвидени со користење на претпристапните фондови на ЕУ и билатерални договори. Изворите на финансии, предвидени за имплементација на Стратешкиот план, Општината ќе ги обезбедува преку средства предвидени со Буџетот на Општината, донации, дотациии сл. Финансирањето и спроведувањето на Стратешкиот План ќе се разгледува еднаш до два пати годишно и ќе се прави преглед на започнати или реализирани остварувања како и тековна подготовка на годишни акциони планови за годишно планирање на финансирање на стратегијата.

## 9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

Предлог-проектите се изведени врз основа на ресурските можности на просторот, изведените SWOT-анализи во кои посебно место заседоа проблемите во општината и можностите за разрешување и оптималните пристапи во одржливиот развој во вака релативно краткиот период на стратешко планирање. Врз основа на тоа ги идентификувавме проектите според дефинирана приоритетна листа. Тоа се следните:

## 10. ПРИЛОГ: АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Детален опис на проектите, временската рамка за нивна реализација, носителите на активностите, очекуваните резултати и други поединости се дадено во Акцискиот план што е составен дел од овој документ (Прилог -1).

Акцискиот план е даден во предлог- проектите посебно и кумулативно ги отсликува активностите што треба да ги преземе општината и засегнатите страни во секој проект во функција на реализацијата на целта на проектот. За секоја активност утврдени се релевантните носители, како и временската рамка кога таа треба да се реализира.

Во прилог е даден приоритетниот проект за развој на туризмот во општината, а останатите проекти можат да се разработуваат по аналогија на презентираната форма. (Прилог 2)

Финансискиот план за предложените проекти е составен дел на табеларниот приказ кој е даден во Акцискиот план. Финансиските процени се апроксимативни врз основа на претпоставените активности, ангажирање на човечките потенцијали и материјалните ресурси и претставува финансиска рамка за да може секој од предложените проекти да се реализира. Во овој поглед изворите за финансирање се доминантно учество на општината преку буџетот. Меѓутоа, со аплицирање на достапните фондови од домашен и меѓународен карактер може да се обезбедат дополнителни или основни средства по одредени ставки по одредени проекти. Усвојувањето на предложените проекти е во функција токму во можноста за апликативен однос кон изворите на финансирање.

| Стратешка област: | Животна средина | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Мерка / Активности** | **Временска рамка** | | | | | **Потребен Буџет МКД** | **Извор на финансирање** |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | | |
| **Контролирано и совесно користење на водата и подигање на свеста кај луѓето,<br>- заштитни мерки од загадување на водата за пиење,<br>- контрола на водата за пиење** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево и ЈПКД „Брегалница“ Делчево |
| **Правење на заштитни појаси од пожари преку расчистување и пробивање на шумски патишта** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево во соработка со Македонски шуми |
| **Зголемување на зелените површини во градот и нивно урбано уредување** | ✓ | ✓ | | | | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево во соработка со Влада на Р.М |
| **Пошумување и зголемување контрола на сечата** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево во соработка со здруженијата |
| **Изградба на скијачка патека на Голак** | | | ✓ | ✓ | | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Селекција на отпад** | | | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево во соработка со ЈКП Брегалница, Делчево |
| **Сигнализација и сигналитика на постоечките патеки со информатицни табли** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Подигање на јавната свест за намалување на дивите депонии и чистење на постојните** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | 120.000 | Општина Делчево и ЈКП Брегалница, Делчево |
| **Уредување на депонии за отпад на територијата на целата општина.** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Зголемена контрола за неконтролирано користење и вадење на минерални суровини** | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Подобрување на јавното осветлување преку негово проширување и целосна замена со ЛЕД технологија** | | ✓ | ✓ | ✓ | | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |

| **Стратешка област:** | **Инфраструктура** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Мерка / Активности** | **Временска рамка** | | | | | **Потребен Буџет МКД** | **Извор на финансирање** |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | | |
| | | | | | | | |
| **Изградба на градски зелен пазар во Делчево** | ✓ | ✓ | ✓ | | | Согласно техничка документација | ЕЛС Делчево , ЈПКД, индивидуални земјоделци |
| **Изградба на пристапна улица до пазар** | ✓ | ✓ | | | | Согласно техничка документација | ЕЛС Делчево во соработјка со ЈПКД |
| **Изградба на стар пат Делчево с.Работивиште (фарми до с.Работивиште)** | ✓ | ✓ | | | | Согласно техничка документација | ЕЛС Делчево во соработка со агенција за поддршка на земјоделието и земјоделски институт. |
| **Реконструкција на улица Орце Николов** | ✓ | ✓ | | | | Согласно техничка документација | ЕЛС во соработка со Македонски шуми |
| **Реконструкција на улица Скопска** | ✓ | ✓ | | | | Согласно техничка документација | Индивидуални земјоделци и претпријатија од области на земјоделство и овоштарство |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регулација на речното корито на река Брегалница во Делчево према долен мост** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка Водостопанство на Р.М |
| **Регулација на речно корито на река Брегалница према спортски центар** | | | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка со МЗ |
| **Реконструкција на градски плоштад** | | | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка со Природно научен музеј на Македонија |
| **Изградба на фонтани во градот** | ✓ | ✓ | | | | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка со медиумите и здруженија на граѓани |
| **Изградба на скејт парк** | | ✓ | ✓ | | | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка со заинтересираните страни |
| **Изградба на филтер станица за вода за пиење за градот Делчево** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево, Здруженија на граѓани, локални институции |
| **Донесување на нов ГУП** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка со ДЗС, ЦУК здружениата |
| **Проширување на ДУП за планината Голак** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка со бизнис секторот |
| **Изградба на нова детска градинка во** | | ✓ | ✓ | ✓ | | Согласно техничка документ | ЕЛС Делчево восоработка со ДЗС, |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | | | | | | ација | ЦУК здружениата |
| **Обезбедување на паркинг за тешки товарни возила** | | ✓ | ✓ | | | Согласно техничка документ ација | ЕЛС Делчево во соработка со екскперти |
| **Реконструкција на улици на територијата на целата општина** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС во соработка Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој |
| **Одвојување на атмосферска од фекална канализација** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | ЕЛС во соработка заинтересираните страни |

| **Стратешка област:** | **Образование, култура и туризам** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Мерка / Активности** | **Временска рамка** | | | | | **Потребен Буџет МКД** | **Извор на финансирање** |
| | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | | |
| **Реконструкција на училиштата со преземање на енергетско ефикасни мерки** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Опремување на кабинетите со нагледни средства** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ | Општина Делчево |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **и ИТ технологија** | | | | | | ација | |
| **Организирање на професионална пракса за учениците** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Уредување на локалитетите кои се прогласени за природни реткости**<br>- **Палеонтоло шки локалитет Стамер**<br>- **Киселичка Пештера**<br>- **Карактерист ичен геолошки профил Звегор** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Уредување на туристичките локалитети во општината со урбана опрема и изградба на пристапни патеки** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Поттикнување на бизнис заедницата за изградба на сместувачки капацитети** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Континуирана поддршка и промоција на „Копачката“** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изградба и уредување на велосипедско пешачки патеки** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Изградба на нови детски паркови** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Изградба на патека од десната страна на река Брегалница во Делчево** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |
| **Засадување на дрвја покрај речното корито на Река Брегалница на мини и макси коритото.** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документ ација | Општина Делчево |

| **Стратешка област:** | **Економија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| **Мерка / Активности** | **Временска рамка** | | | | | | **Потребен Буџет МКД** | **Извор на финансирање** |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | | | |
| **Мерка 1. Уредување на нова индустриска зона** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | Согласно техничка документац ија | ЕЛС Делчево |
| **Мерка 2. Доуредување и создавање на инфраструктура во постојните** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | Согласно техничка документац ија | ЕЛС Делчево |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **индустриски зони** | | | | | | | | |
| **Мерка 3. Јакнење на капацитетите на бизнис заедницата за искористување на ЕУ фондови** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | 400.000 | ЕЛС Делчево |
| **Мерка 4. Продлабочување на соработката со стопанската комора на МКД** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | 120.000 | ЕЛС Делчево во соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање и донатори |
| **Мерка 5. Јакнење на капацитетите на општинската администрација во делот на прашања поврзани со локален економски развој** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | 300.000 | ЕЛС Делчево |
| **Мерка 6. Воведување и подобрување на софтверски решенија за подобрување на наплатата со даноци** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | Согласно техничка документација | ЕЛС Делчево – Водостопанство на Р.М |

| **Стратешка област:** | **Млади и младински политики** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Мерка / Активности** | **Временска рамка** | | | | | **Потребен Буџет МКД** | **Извор на финансирање** |
| | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | | |
| **Вклучување на младите во донесување на одлуки на локално ниво** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Подобрувањ ена социјалниот живот на младите преку изградба на спортски терени и забавни паркови** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Обезбедувањ ена стипендии за млади** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Обезбедување на професионална пракса за средношколци** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Промоција на волонтерството** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Промоција на меѓународни програмаи за размена на ученици** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |

| Стратешка област: | Здравство и социјална заштита | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Мерка / Активности** | **Временска рамка** | | | | | **Потребен Буџет МКД** | **Извор на финансирање** |
| | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | | |
| **Редовно испитување на водените ресурси на територијата на општината** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Анализа и испитување на почвата** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Мерење на амбиентален воздух** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Поставување на пунктови за дизинфекција на влезовите и излезите од општината за заштита од зарази** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Редовна дизинфекција на градските улици со поголема фрекфенција на возила и луѓе.** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документација | Општина Делчево |
| **Организирање на здравствена заштита и преглед** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документа | Општина Делчево |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **од специјалистички услуги кои не се достапни во здравниот дом во Делчево.** | | | | | | ција | |
| **Изградба на пристапни рампи за лица со посебни потреби на локалните институции.** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документа ција | Општина Делчево |
| **Пристапност на парковите и тротоарите за лица со посебни потреби и колички за бебиња** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документа ција | Општина Делчево |
| **Континуирана финансиска поддрша за новороденчиња, првачиња и награди за успешни ученици.** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документа ција | Општина Делчево |
| **Организирана поддршка за стари и изнемоштени лица** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Согласно техничка документа ција | Општина Делчево |

| Стратешка област: | Рурален развој | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Мерка / Активности** | **Временска рамка** | | | | | **Потребен Буџет** | **Извор на финансирање** |
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | | |
| **Водоснабдување на руралните средини** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | Општина Делчево и ЈПКД „Брегалница“ Делчево |
| **Решавање на отпадот во руралните средини** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | Општина Делчево во соработка со Македонски шуми |
| **Изградба на фекална и атмосферска канализација во руралните средини** | | | | ✓ | ✓ | | Општина Делчево во соработка со Влада на Р.М |
| **Пошумување и изградба на плоштади** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | Општина Делчево во соработка со здруженијата |
| **Уредување на значајни локации и објекти** | | | ✓ | ✓ | | | Општина Делчево |
| **Едукација на населението за туристичка дејност** | | | ✓ | ✓ | ✓ | | Општина Делчево во соработка со ЈКП Брегалница, Делчево |
| **Регистрација на даватели на туристички и угостителски услуги во општинаскиот регистар** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | Општина Делчево |